# СПОРОТ ЗА ИМЕТО

## / СТАВОВИ НА ЈАВНОСТА / 2018 г.



МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС 25 ГОДИНИ

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија (ИДСЦС)

**Агенција за истражување на јавното мислење**
М-Проспект

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Гонце Јаковлеска, извршен директор на МЦМС

Марко Трошаноски, претседател на ИДСЦС

**Истражувачи/автори**
Сашо Клековски
Јасмина Михаиловска
Милош Јованов

**Подготовка и корица**
Борис Ристовски

**Лектура**
Елена Цуцулоска

ISBN 978-608-4848-07-3

Мај 2018 година

**Контакт**
**МЦМС** - адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел.: +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

**ИДСЦС -** адреса: ул. „Теодосиј Гологанов“ бр. 42А/3 и 42А/4, 1000 Скопје;
Тел.: +389 2 3094 760; Факс: +389 2 3094 760; е-пошта: contact@idscs.org.mk; веб-страница: http://idscs.org.mk/mk/ Facebook: https://www.facebook.com/IDSCS/ Twitter: https://twitter.com/IDSCS_Skopje

**М-Проспект** – адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41, 1000 Скопје;
Тел.: +389/2/ 3075-366; е-пошта: contact@m-prospect.com; веб-страница: http://www.m-prospect.com/;
Facebook: https://www.facebook.com/MProspect

Мислењата што се изразени овде, му припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на МЦМС или на ИДСЦС.

**МЦМС/ИДСЦС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација, може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или, пак, за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# ПРЕДГОВОР

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е граѓанска организација, посветена на демократскиот развој на Македонија и на европските политики и интеграции.

МЦМС во континуитет го поддржува правото на самоидентификација на Република Македонија.

Во 2004 година, заедно со други организации, ја организираше и учествуваше во кампањата „Кажи Македонија“ (Не ме фиромирај). Во 2008 година, со заедничка изјава „И Македонија и НАТО“, МЦМС заедно со неколку организации повторно се произнесе сметајќи дека името е право на самоидентификација, а не спор.

По непоканувањето за членство во НАТО во 2008 година, како и по застојот во интеграциите на ЕУ од 2009 година, спорот за името Македонија станува главна пречка во евроатлантските интеграции на Македонија.

Во 2010 година, МЦМС за првпат спроведе истражување на јавното мислење во Македонија за спорот за името Македонија. Во 2011 година и во 2013 година, МЦМС и ИДСЦС, водени од застојот на евроатлантските интеграции на Македонија и потребата за политики засновани на факти, спроведоа нови истражување за спорот за името Македонија.

Во април 2018 година, МЦМС и ИДСЦС, со М-Проспект, спроведоа истражување на јавното мислење по четврти пат, а резултатите се презентирани во овој извештај.

Истражувањето треба да придонесе кон поширока и поинформирана јавна дебата за спорот за името, во која ќе бидат вклучени сите релевантни чинители.

МЦМС ИДСЦС

# СПОРОТ ЗА ИМЕТО - 2018

**- Ставови на јавноста во Македонија -**

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ..... 2

СОДРЖИНА ..... 3

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ..... 4

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ..... 5

1. ВОВЕД ..... 7
2. КРАТКА ИСТОРИЈА НА СПОРОТ ..... 8
3. РЕШЕНИЕ ЗА СПОРОТ ..... 11
4. НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ И ДРУГИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА СПОРОТ ..... 25
5. ГРАДЕЊЕ НАЦИОНАЛЕН СТАВ ..... 31
6. РЕФЕРЕНДУМ ..... 35
7. ОЧЕКУВАЊА ЗА РЕШЕНИЕ НА СПОРОТ ..... 40

ЗАКЛУЧОЦИ ..... 44

ПРИЛОЗИ ..... 47

ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК ..... 47

ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ - НАСЕЛЕНИЕ ..... 53

БЕЛЕШКА ЗА ИСТРАЖУВАЧИТЕ/АВТОРИТЕ ..... 54

ПРОДОЛЖИ СО ЧИТАЊЕ ..... 54

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ЕК / ЕУ | Европска комисија/Европска Унија |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ИДСЦС | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје |
| ЈИЛ | Јавни и информирани личности |
| ООН | Организацијата на Обединетите нации |
| НАТО | Северноатлантска алијанса |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| УНПРЕДЕП | Превентивна мисија на Обединетите нации (United Nations Preventive Deployment Force) |
| УНПРОФОР | Заштитни сили на Обединетите нации (The United Nations Protection Force) |

| | |
|---|---|
| БО | без одговор |
| НЗ | не знам |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во извештајот „Спорот за името 2018 – ставови на јавноста во Македонија“, прикажани се резултатите од испитувањето на јавното мислење, кое МЦМС и ИДСЦС го спроведува по четврти пат, по 2010, 2011 и 2013 година.

Истражувањето се состоеше од испитување на јавното мислење. Испитувањето на јавното мислење е направено преку теренска анкета во периодот од 5 април до 20 април 2018 година, на репрезентативен примерок од 1.004 испитаници. Анкетата ја спроведе М-проспект, а истражувачи и автори на истражувањето се Сашо Клековски, Јасмина Михаиловска и Милош Јованов.

Извештајот е составен од вовед, вклучувајќи методологија, кратка историја за спорот, ставови на граѓаните за решение на спорот, националниот идентитет и други фактори кои влијаат на перцепциите за спорот, градење национален став, изјаснување на референдум, и очекувања за решение на спорот. На крај, извештајот завршува со заклучоци.

Ставот против каква било промена на името, по растот во 2013 година, на нивото од 2010 година. Еден од двајца граѓани (47,1%) се против каква било промена на името, што по растот во 2013 година (62,3%), е враќање на нивото од 2010 (48,4%) и од 2011 година (45,3%). Меѓу етничките Македонци, мнозинството (59,6%) се за никаква промена, што е намалување од 2013 година (79,7%). Најмалку прифатливо решение е „ерга омнес“, што е неприфатливо за 40,8% граѓани.

Се продлабочува јазот меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во однос на решението. Во ставовите за „зачувување на името“ наспроти „евроатлантските интеграции“, 44,6% од етничките Македонци би избрале зачувување на името (64,9% во 2013 година), а 90,1% етнички Албанци би избрале евроатлантски интеграции (68% во 2013 година). Во ставовите за решение, тоа што е најприфатливо за етничките Македонци „никаква промена“ (59,6%), е најмалку прифатливо за етничките Албанци (40,8%), и обратно, тоа што е најприфатливо за етничките Албанци „ерга омнес“ (42,3%) е најмалку прифатливо за етничките Македонци (50,6%). Ваквиот јаз нѐ доведува до раст на ризикот од влошување на меѓуетничките односи (во случај на нерешавање на спорот), чија перцепција на ризик е 19,7% (23,7% во 2013 година и 13,8% во 2011 година).

Споено име (пр. Горнамакедонија) е неприфатливо за големо мнозинство на граѓани (79,1%). За половина од граѓаните (44,9%), како и за мнозинството етнички Македонци (55,1%), не е прифатлива ниту една географска одредница. Од предложените географски одредници, најприфатливи се Горна и Скопје, како и географска одредница како додавка на името (24,4%).

За граѓаните е прифатлива неексклузивна употреба на поимот Македонија од двете земји (53,5%). Големо мнозинство на граѓани се противат на промена на кодовите и тоа на МК-кодот на земјата (71,7%) и интернет-кодот (69,2%).

Владините мерки за градење доверба се донекаде неприфатени. Мнозинството на граѓани (51%), целосно или донекаде, не го оправдуваат преименувањето на аеродромот и автопатот. На големо мнозинство од 65,6% граѓани, не им е прифатливо отстранувањето на споменикот „Воинот на коњ“.

Надвор од граѓаните кои би сакале никогаш да не стапи во сила договорот, бидејќи не им е прифатлива промена на името, 35,6% од граѓаните сметаат дека најсоодветен момент за стапување во сила на договорот е кога Македонија ќе стане членка на ЕУ за да нема нови условувања.

Идентитетот продолжува да биде гранитна црвена линија, што се гледа и во ставот против каква било промена на името, но и во противењето на додефинирање во ООН на

националноста/државјанството и на македонскиот јазик. Дефинирање националност и државјанство како македонски прифаќаат 47,9% (59,1% етнички Македонци), одредени варијации како латинична или двојна употреба прифаќаат 25,3%, а дефинирање како граѓанин на Република Горна Македонија прифаќаат 14,4% граѓани (34,7% етнички Албанци). Слични се ставовите и за дефинирање на јазикот.

Граѓаните ги сметаат јазикот (27,45), Уставот (23,5%) и државјанството (23,1%) за најважни за зачувување на идентитетот на македонскиот народ, а Уставот и уставното име бедем за негова одбрана. Скоро половина од граѓаните (45,1%) веруваат дека со промена на уставното име ќе се промени идентитетот, 17,8% сметаат дека во ниедна ситуација нема да се промени македонскиот идентитет. Големо мнозинство на граѓани (73,8%) мислат дека промена на уставното име ќе влијае, многу или донекаде, на идентитетот. Оттука е голем отпорот за промена на Уставот, односно 48,3% граѓани и 60,7% етнички Македонци се против каква било промена на Уставот, без разлика дали се тоа одредби за името или за други прашања. Промена на Уставот за дефинирање на меѓународно име е прифатлива за 18,3% од граѓаните.

Името, идентитетот, (застој во) евроатлантските интеграции, стравот од нови барања од Грција и внатрешните поделби, се главните фактори кои влијаат на спорот за името. За првпат откако се прават истражувањата, евроатлантските интеграции (49,7%) имаат приоритет наспроти зачувување на името (35%).

Граѓаните сметаат дека сме далеку од градење широк договор. Мнозинство од граѓаните (55,1%) сметаат дека не постои широк договор, односно национален консензус. Исто така, не постои јасна перцепција која е позицијата на Владата во спектарот од никаква промена до ерга омнес. Граѓаните ги перципираат на страната на „зачувување на името“ Ѓорге Иванов, Претседателот на Републиката, и ВМРО-ДПМНЕ, а на страната на „евроатлантските интеграции“ Владата и СДСМ, како и ДУИ и Беса.

Повеќе граѓани (41,7%) и етнички Македонци (49,6%) не би гласале на следните избори за партијата што ќе го реши спорот за името, наспроти 36% кои би гласале за.

Граѓаните сакаат референдум пред договорот, исходот зависи од ЕУ. Очекувањата граѓаните да се изјаснат на референдум е во постојан пораст, и во 2018 година изнесува 71,4%, од 2010 година е 54,4%, на 64% во 2011 година и 66,3% во 2013 година. Се чини дека членството во ЕУ е фактор кој може да влијае на исходот на референдумот. Додека граѓаните би одбиле промена на името, 50,2% против и 41,5% за, ставовите се менуваат доколку промената на името би била кога земјата ќе стане членка на ЕУ, а во тој случај, 45% се против и 47,6% се за промена. Ова е промена во однос на 2013 година, и гласањето против е намалено за приближно 10-процентни поени (2013 година е 62,7% против, 58,4% против при членство во ЕУ).

Високи желби, помали очекувања за решение. Додека секој втор граѓанин (48%) посакува решение во рок од една година, такви очекувања има секој четврти граѓанин (26,3%). Очекувањата се зголемени во однос на 2013 година, и намален е ставот дека никогаш нема да има решение.

Прозорец за решение: прифаќање на идентитетот од Грција, решение во две фази и членството во ЕУ. Односот меѓу „зачувување на името“ и „евроатлантските интеграции“, може да биде под влијание на прашањата на идентитет (Устав, јазик, националност), како и стравувањата од барања на Грција за нови отстапки и внатрешни поделби и судири. Дефинирањето на јазикот и националноста/државјанството како македонски/Macedonian, како и зачувување на кодовите за земјата (МК) и за јазикот, може да го намали чувството за закана по идентитетот. Слично е со поставување на географската одредница како додавка по името, на пример, Република Македонија (Скопје).

Справувањето со двете закани, таа од нови отстапки и таа од внатрешни поделби, се предуслов за јакнење на поддршката за договор. Одлагање на промена на Уставот во моментот на прием во ЕУ е исклучително важно за стравувањето од нови барања на Грција. Второто стравување од внатрешни поделби може да се надмине со примена на „рамковен модел“, односно можниот договор со Грција писмено да биде одобрен од сите главни политички партии.

# 1. ВОВЕД

Во извештајот Спорот за името 2018 – ставови на јавноста во Македонија, се прикажани резултатите од испитувањето на јавното мислење, кое МЦМС и ИДСЦС го спроведува по четврти пат. Претходните три извештаи се издадени во 2010 година, 2011 година и во 2013 година. Извештаите иако сосредоточени на спорот со името, се засноваат на прашања актуелни во дадените временски периоди, па соодветно, формулацијата на одредени прашања се разликува во 2010 година, 2011 година, 2013 година и во 2018 година.

Извештајот е составен од вовед, вклучувајќи методологија, кратка историја за спорот, ставови за решение на спорот, националниот идентитет и други фактори кои влијаат на перцепциите за спорот, градење национален став, изјаснување на референдум, и очекувања за решение на спорот, а завршува со заклучоци.

## 1.1. Методологија и пристап

Испитувањето на јавното мислење е спроведено со теренска анкета во домаќинствата во периодот од 5 април до 20 април 2018 година, на национален репрезентативен примерок од 1.004 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот. Анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

Структурата на примерокот е во прилог.

## 1.2. Поими и дефиниции

Во извештајот се употребуваат поими, на пример, за можните решенија кои се дефинирани во табела 1. Преглед на употребени формулации за решенија за името.

Поимот Македонија или Република Македонија во смисла на име на држава е употребуван за државата Република Македонија.

Поимот националност е употребуван во смисла на припадност кон држава – државјанство, а не во смисла на етничка припадност. Во прашањето за дефинирање на националност во ООН тоа е појаснето со државјанство. И во заклучоците, национално обединување е употребено во смисла на обединување на нацијата/ граѓаните.

## 1.3. Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и со пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95% и со грешка +/- 3%. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот, незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10% од примерокот, мало малцинство од 11% до 30%, малцинство од 30% до 50%, мнозинство од 51% до 70%, и големо мнозинство за повеќе од 70%.

Во извештајот не се коментирани социодемографските анализи за помалку бројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери, поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во табелите и графиконите, со термините етнички Македонци, етнички Албанци итн., е означена етничката припадност на испитаниците. Со имињата на политичките партии се означени граѓаните симпатизери на соодветната политичка партија.

При обработката се земени предвид и резултатите за „не знам“ и „без одговор“. Но, во одредени табели и графикони не се прикажани овие резултати, поради што збирот на сите одговори не е 100%. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

## 1.4. Ограничувања на истражувањето

Не се јавно комуницирани ниту МЦМС и ИДСЦС, или истражувачите имаат сознанија за текот на разговорите под покровителство на ОН или, пак, за можните решенија. Единствените извори се медиумите. Извештајот не сугерира дека е постигнато решение, соодветно и можно решение и/или решение се употребува за некое идно или можно решение. Сите примери се хипотетички зададени како илустрација на можните решенија.

## 2. КРАТКА ИСТОРИЈА НА СПОРОТ

### 2.1. Почеток на спорот и времената спогодба

Спорот за името Македонија станува видлив (актуелен) по независноста на Република Македонија во 1991 година, кога Грција се спротивставува на употребата на името Македонија од страна на Република Македонија, повикувајќи се на историски и територијални причини. Грција тогаш смета дека има ексклузивно право да го употребува името за својот регион Македонија и тамошните жители.

Иако Македонија, според Арбитражната комисија за поранешна Југославија, ги исполни условите за признавање на независноста (заедно со Словенија), Грција го блокира признавањето од страна на Европската Унија (ЕУ), како и приемот во Организацијата на Обединетите нации (ООН). На 27 јуни 1992 година, ЕУ (тогаш ЕЕЗ) под влијание на Грција во т.н. Лисабонска декларација понудила признавање „под име кои нема да го содржи зборот Македонија“. Покрај тоа, Грција во периодот 1992-1995 година, на двапати ја блокира грчко-македонската граница за каква било трговија, со цел да се изврши притисок врз Република Македонија. Во декември 1992 година, ООН воспостави, меѓу другите земји на поранешна Југославија и во Македонија, превентивна безбедносна мисија УНПРОФОР, која во 1995 година е заменета со УНПРЕДЕП, која мандатот го завршува во 1999 година.

Грција изразила загриженост дека членовите 3 и 49 од Уставот на Македонија поттикнуваат територијални претензии. Со цел да се намали загриженоста од наводни територијални претензии, на 6 јануари 1992 година, Собранието на Македонија ги донесува амандманите I и II на Уставот, со кои се изменуваат и се дополнуваат членовите 3 и 49. На 7 април 1993 година, Советот за безбедност на ООН со Резолуцијата 817 одобри прием на Македонија во Обединетите нации, со препорака за државата да се употребува привремена референца „поранешната Југословенска Република Македонија“ за сите цели во рамките на ООН, сè до решавањето на разликите околу името. Генералното собрание со Резолуцијата 225, на 8 април 1993 година ја прими Македонија како 181 членка на ООН. Привремената референца, која е одраз на минатото на Македонија, започнува со мали букви, бидејќи не е име, туку описен поим и референцата не е меѓународно име, туку е во употреба само во ООН. За да се потврди тоа, Македонија добива место за седење во ООН по буквата „т“ од „the former ...“.

На 18 јуни 1993 година, Советот за безбедност ја донесува Резолуцијата 845 со која се бара забрзување на решавањето на разликите, а генералниот секретар го именува Сајрус Венс за специјален претставник до 1995 година, а од 1995 година до денес оваа функција ја има Метју Нимиц.

На 13 септември 1995 година, Грција и Македонија склучија Времена спогодба, со која двете страни се согласуваат: Македонија да гарантира дека во преамбулата и во членовите 3 и 49 од Уставот нема територијални претензии и да го смени националното знаме (со сонцето од Вергина), Грција да не го блокира приемот на Македонија во меѓународни организации, а страните да ги продолжат разговорите за разликите под покровителство на ООН.

Од 1995 година до 2008 година, посредникот Метју Нимиц предлага повеќе можни решенија кои се неприфатливи за една од двете страни.

### 2.2. Блокада на членство во НАТО и во ЕУ и пресудата на Меѓународниот суд на правдата

На 3 април 2008 година, на Самитот на Северноатлантската алијанса (НАТО) во Букурешт, иако е поддржана од САД, Македонија не доби покана за членство поради вето од страна на Грција.

На 17 ноември 2008 година, Македонија започна процес пред Меѓународниот суд на правдата за кршење на обврските од Времената спогодба од страна на Грција, односно за блокирање на приемот на Македонија во НАТО. Судот на 5 декември 2011 година, пресудува дека противејќи се на пристапувањето на Република Македонија во НАТО во периодот пред Самитот на НАТО во Букурешт од 2008 година, Грција ја прекршила Времената спогодба од 1995 година; од Грција се очекува дека нема повторно да го повреди меѓународното право (по дефиниција се претпоставува нејзината „добра верба“); Македонија и натаму може да го користи своето уставно име во односите со Грција и во рамките на меѓународните

организации; и сите наводи на Грција дека Република Македонија ја прекршила Времена спогодба се отфрлени.

Во 2009 година, Македонија од ЕК доби препорака за отворање преговори за членство во ЕУ, но истовремено се бара „договорено и заемно прифатливо решение за прашањето на името, под покровителство на ООН, останува есенцијално“. За Македонија од 2009 година досега, не се одредува датум за отворање на преговорите.

И покрај пресудата на Меѓународниот суд на правдата за кршење на обврските од Времената спогодба од страна на Грција, членството на Македонија во НАТО и во ЕУ и понатаму е блокирано.

### 2.3. Предлозите на медијаторот во периодот 2008-2013 година

Во разговорите водени под покровителство на ООН со посредништво на Метју Нимиц, повеќепати се разговарани различни можни решенија, но без успех. Според неформални извори, предлогот од 2008 година е Република Македонија да остане службено име во Уставот (на македонски јазик), името на земјата во сите меѓународни организации (т.е. ОН, ЕУ, НАТО) да биде „Република Северна Македонија“; Советот за безбедност да предложи во меѓувладините службени односи со трети земји да се употребува името „Република Северна Македонија“. Името „Македонија“ само по себе не може да се користи од која било од двете страни како службено име на земјата или регионот, двете страни на неексклузивна основа за неслужбени цели може да употребуваат „Македонија“ и „македонски“. На пасошите се испишани двете имиња: Република Северна Македонија на англиски и француски јазик и Република Македонија на македонски јазик. Овој предлог може да се толкува како предлог кој натежнува кон име за меѓународна употреба. Натежнува, бидејќи покрај меѓународните организации, треба да се употребува и во билатералните односи, но иако Советот за безбедност може да препорача примена во билатералните односи, секоја земја има суверено право да одлучи под кое име ќе воспостави дипломатски односи.[1] Во 2009/2011 година со повеќе средби на премиерите на Грција и на Македонија, Папандреу и Груевски, се прават напори за доближување на ставовите на двете земји околу разликите за името. Во октомври 2012 година, Грција понудува предлог-меморандум за разбирање, кој, меѓу другото, предвидува решавање на спорот за името со одредница, и употреба на таквото име „ерга омнес: од сите од сите и за сите цели“. Пролетта 2013 година, Метју Нимиц предлага „Горна Република Македонија“ за „најширока можна употреба“. Предлогот не е поддржан од Грција.

### 2.4. Состојбата и позициите пред сегашниот циклус на разговори

Македонија е примена под времената референца во сите меѓународни организации. Над 130 земји ја признаваат Македонија како „Република Македонија“, вклучувајќи и четири од пет постојани членки на ООН (со исклучок на Франција), а многу држави не ја употребуваат времената референца, додека еден дел немаат позиција/интерес за ова прашање.

Оттука произлегува дека постоечката позиција е времена референца за меѓународните организации (времената референца го содржи зборот Македонија и одредницата ПЈР), а во меѓувладините службени билатерални односи повеќе земји го прифаќаат името Република Македонија, а дел ја користат времената референца.

Позицијата на Грција од „едно име кое нема да го содржи зборот Македонија“ за сите употреби, еволуира во „едно име кое ќе го содржи зборот Македонија и географска одредница“ за сите употреби. Позицијата „erga omnes“ или за сите употреби се употребува двозначно за „сите меѓународни употреби“, вклучувајќи го пасошот, или, пак, за „сите употреби“, вклучувајќи внатрешна употреба. Грција во неколку пригоди го одбила предлогот Република Македонија (Скопје) за меѓународна употреба.

Позицијата на Македонија за спорот е решение кое нема да го промени Уставот на Македонија со цел промена на уставното име и нема да го загрози македонскиот национален идентитет, засебноста на македонската нација и македонскиот јазик и граѓаните (со мнозинство) да се согласат со можното решение на референдум.

---

[1] Таков е примерот со Тајван, кој воспоставува дипломатски односи само под името Република Кина.

### 2.5. Сегашниот циклус на разговори

Во ноември 2015 година, медијаторот Метју Нимиц поттикна оптимизам за можно решение во следните 15 месеци, до 2017 година, бидејќи по многугодишен застој, се чини дека контекстот во меѓународната заедница, Грција и Македонија, е најповолен за решавање на спорот за името. Рокот на Нимиц се пролонгира за една година, но повеќето се согласуваат дека првата половина на 2018 година постои исклучителен „прозорец на можност“ за решение на спорот, и отколчување на евроатлантските интеграции на Македонија.

Најновиот предлог на Нимиц од почетокот на 2018 година, всушност не е нов предлог туку збир на сите досегашни предлози, а во целост е објавен од грчкиот весник То Вима. Предлогот за името е Македонија со повеќе варијанти на одредница Горна, Северна, Вардарска, Нова и (Скопје), земјата би се категоризирала под буквата М, а како пример се користи Република Горна Македонија. Името би било за надворешна и внатрешна употреба таму каде е поврзана со ЕУ. За јазикот и националноста би биле „makedonski“ или јазикот на Република [одредница] Македонија. Трговската употреба на Македонија и македонски би била неексклузивна. Спорот би се решавал во две фази поврзани со приемот во НАТО и во ЕУ.

Предлогот на Нимиц вака балансиран задоволува некои минимум барања на двете страни. На страната на Грција, е име со одредница, за сеопфатна (меѓународна?) употреба и дефинирање на јазикот во оригинал. На страната на Македонија зачувување на Република Македонија во внатрешна употреба (и делумно во меѓународна?), листање под буквата М, употреба на кодовите МК, МКД, и решавање во две фази поврзани со приемот во НАТО и ЕУ. И двете страни можат да бидат задоволни со дефинирање на неповратни национални процедури (ова може да го задоволи и барањето на Македонија да нема промена на Уставот за промена на уставното име). Предлозите се вклопуваат во рамката дека доколку Грција се соочи со македонскиот идентитет, на пример, преку прифаќање на македонскиот јазик, Македонија би требало да ги истражи можностите меѓу меѓународно име и ерга омнес – име за внатрешна употреба, каде последново е неприфатливо за Македонија.

Грција достави нацрт-спогодба (н.з. Меморандум за добрососедство), а која би опфатила прашања за името, иредентизмот, мерки за градење доверба и меѓународните и регионалните интеграции. Според тој нацрт, името вклучува седум прашања: името, употребата, идентитетот, јазикот, трговската употреба, акронимите и знаците. Грчкиот министер за надворешни работи смета дека треба да се смени уставот (Преамбулата и два члена), а, од друга страна, дава толкување на ерга омнес кое вклучува промени на пасошите и личните карти и дека терминот македонски јазик е веќе во употреба. Македонија испрати свој нацрт-спогодба базиран на двојната формула.

Македонската Влада одлучи да ги преименува аеродромот во Скопје и автопатот Е-75 (А1/М1). Се чини дека можниот компромис се движи во рамките на прифаќање од Македонија на меѓународно име, кое би се применило на пасошот, на местото на англискиот назив, и тоа по приемот во ЕУ, и прифаќање на Грција на македонски јазик, како и кратенките мк, мкд и сл. Иако, прифаќањето на кратенките мк за земјата и јазикот, како и мкд и мац за јазикот, е нешто што меѓународно е веќе прифатено (ИСО 3166 кодови за земји, ИСО 639 кодови за јазици). Се чини дека централна тема на несогласување станува Уставот и неговата промена, што е барање на Грција, а неприфатливо за Македонија.

## 3. РЕШЕНИЕ ЗА СПОРОТ

Во делот за решенија за спорот истражувани се ставовите на граѓаните за елементите на решението: прифатливо име и опсег на употреба; географска одредница; именување на нацијата и јазикот; ексклузивноста, употреба на кодови и кратенки, мерки на градење доверба, како и времето на влегување во сила на евентуалниот договор.

### 3.1. Името – решенија, опсег на употреба и прифатливост на одредници

За истражувањето на ставовите за прифатливо решение на спорот, од граѓаните е побарано да изберат две најприфатливи и едно целосно неприфатливо решение од можни **пет решенија.** Можните решенија се однесуваат на **опсегот на употребата** на компромисното име и се движат од една до друга крајна позиција, односно од позицијата на Грција „прифаќање **ново име** (со географска одредница) **за сите употреби**“ до позицијата „Македонија не треба да прифати **никакви промени**“.

**Табела 1. Преглед на употребени формулации за решенија за името**

| Скратена форм. во извештајот | Формулација употребена во анкетата |
|---|---|
| **1. Ново име за сите употреби „ерга омнес“** | Решение за спорот е прифаќање ново име за сите употреби. |
| **2. Договорено име за (севкупна) меѓународна употреба** | Решение за спорот за името е употреба на договорено име во сите меѓународни комуникации, додека Република Македонија би било само за домашна употреба. |
| **3. Договорено име во меѓународните организации** | Решение за спорот за името е употреба на договорено име во меѓународните организации (ОН, НАТО, ЕУ и др.), додека другите земји би нè условувале по сопствен избор и договор. |
| **4. „Двојна формула“** | Решение за спорот е употреба на името Република Македонија во домашна и меѓународна комуникација, а Грција може да употребува друго име. |
| **5. Никаква промена** | Македонија не треба да прифати никаква промена. |

„Двојната формула“ или „ирска формула“, според Робин О´Нил, е заснована на решението помеѓу Ирска и Велика Британија, според кое Ирска може да ја нарекува Велика Британија поинаку од службеното име. Меѓу позицијата на „ерга омнес“ и на „двојната формула“ има уште две решенија, договорено име во меѓународните организации или за севкупна меѓународна употреба. Договорено име за меѓународните организации кореспондира со сегашната позиција на употреба на времената референца и оваа опција всушност би значела промена на времената референца со трајно име. Секако, можни се различни варијации на овие две решенија. Двојната формула, вообичаено, како и во овој извештај, ексклузивно се поврзува со едно решение. Во поширока смисла, надвор од никаква промена и ново име за сите употреби, сите решенија се двојни формули со различен опсег, Република Македонија во внатрешна употреба и новото име во различен опсег на меѓународна употреба, од само за Грција до сите.

Во табелата 2 се претставени ставовите на граѓаните за прво и второ најдобро и најмалку прифатливо решение во (декември) 2010 година, (септември) 2011 година, (ноември) 2013 година и (април) 2018 година.

**Табела 2. Прво и второ најдобро и најмалку прифатливо решение, 2010, 2011, 2013 и 2018 година (во %)**

| | Прво најдобро | | | | Второ најдобро | | | | Најмалку прифатливо | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2013 | 2018 | 2010 | 2011 | 2013 | 2018 | 2010 | 2011 | 2013 | 2018 |
| **Договорено име во меѓународните организации** | 12,3 | 19,2 | 10,3 | 13,6 | 11,0 | 21,3 | 15,7 | 13,5 | 7,6 | 15,7 | 17,7 | 9,0 |
| **„Двојна формула“** | 25,0 | 20,8 | 8,0 | 14,4 | 31,9 | 30,7 | 27,5 | 19,4 | 7,4 | 9,7 | 9,7 | 10,4 |
| **Никаква промена** | 48,4 | 45,3 | 62,4 | 47,1 | 16,1 | 20,1 | 10,3 | 4,6 | 15,7 | 15,6 | 5,2 | 18,8 |
| **Ново име за сите употреби „ерга омнес“** | 10,5 | 7,5 | 4,6 | 14,1 | 10,2 | 9,6 | 8,4 | 7,1 | 26,9 | 29,0 | 19,9 | 40,8 |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 2,9 | 5,1 | 5,5 | 10,1 | 3,7 | 7,8 | 7,4 | 11,9 | 25,2 | 20,8 | 19,7 | 12,9 |
| **Не знам/без одговор** | 1,0 | 2,0 | 9,2 | 0,6 | 27,0 | 10,5 | 30,7 | 43,5 | 17,1 | 9,6 | 27,8 | 8,1 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

Мнозинството од граѓаните (47,1%) е против каква било промена на името. Ставот „никаква промена“ е намален од 2013 година кога изнесувал 62,4%.

**Графикон 1. Најприфатливо решение за решавање на проблемот со името**




Ставот „никаква промена“ е на ниво од периодот 2010/11 година.

**Графикон 2. Најприфатливо решение за решавање на проблемот со името (2018, 2013, 2011 и 2010 година)**




Ставовите на етничките Албанци и Македонци се на спротивни страни, односно етничките Македонци се 59,6% за „никаква промена“, додека етничките Албанци се 42,3% за ново име за сите употреби „ерга омнес“.

**Графикон 3. Најприфатливо решение за решавање на проблемот со името според етничка припадност**



Кај етничките Македонци е намалена поддршката за никаква промена на името од 79,7% во 2013 година, на 59,6%, додека постои висок пад во процентот на етнички Албанци кои ја одбираат оваа опција споредено со 2013 година (од 23,4% на 6,6%). Кај етничките Албанци, видливо е зголемување од 12,5% во 2013 година на 42,3% во 2018 година во однос на бирањето на опцијата „ерга омнес“ (табела 3).

**Табела 3. Ставовите за решение на спорот, според етничка припадност, 2018 година (во %)**

| | Прво најдобро | | Второ најдобро | | Најмалку прифат. | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Став** | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. |
| **Договорено име во меѓународните организации** | 15,6 | 8,5 | 13,9 | 15,5 | 8,6 | 11,7 |
| **„Двојна формула“** | 14,0 | 15,5 | 21,4 | 15,5 | 6,7 | 22,5 |
| **Никаква промена** | 59,6 | 6,6 | 3,9 | 7,0 | 11,3 | 40,8 |
| **Ново име за сите употреби „ерга омнес“** | 4,7 | 42,3 | 3,1 | 20,7 | 50,6 | 7,0 |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 5,7 | 25,8 | 8,6 | 24,4 | 14,9 | 8,9 |
| **Не знам/без одговор** | 0,4 | 1,4 | 49,1 | 16,9 | 8,0 | 8,9 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

Во табелата 4 се прикажани ставовите за најприфатлива опција меѓу симпатизерите на политички партии. Мнозинство на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (89,6%) имаат став за „никаква промена“, што претставува мало зголемување во однос на 2013 година (83,9%). Договорено име во меѓународните организации е најприфатлива опција за 28,5% од симпатизерите на СДСМ, додека, пак, “Двојната формула“ е прифатлива за 23,1% од симатизерите на СДСМ. Скоро четвртина од симпатизерите на СДСМ се за никаква промена. Кај симпатизерите на ДУИ, анализата на резулатите покажува дека најодбирана опција е „Ерга омнес“ (45,3%), додека, пак, за 28,8% најприфатливо е име за меѓународна употреба.

**Табела 4. Најприфатлив став кај симпатизерите на политички партии, 2018 година (%)**

| Најприфатлив став | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Договорено име во меѓународните организации** | 1,9 | 28,5 | 9,6 | **13,6** |
| **„Двојна формула“** | 5,2 | 23,1 | 9,6 | **14,4** |
| **Никаква промена** | 89,6 | 24,8 | 6,8 | **47,1** |
| **Ново име за сите употреби „ерга омнес“** | 2,4 | 12,4 | 45,2 | **14,4** |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 0,9 | 9,9 | 28,8 | **10,1** |
| **Не знам/без одговор** | 0,0 | 1,2 | 0,0 | **0,6** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Од друга страна, најмалку прифатлив став е ново име за сите употреби „ерга омнес“, што е неприфатливо за 40,8% од граѓаните.

**Графикон 4. Најмалку прифатливо решение за решавање на проблемот со името**




Ставот против „ерга омнес“ е повисок од сите претходни истражувања, на пример, во 2013 година, тој изнесува 19,9%, најверојатно бидејќи станува јасно дека тоа е главното барање на Грција. „Ерга омнес“ е неприфатливо за мнозинство на етничките Македонци (50,6%), додека „никаква промена“ е неприфатлива за 40,8% од етничките Албанци.

## 3.2. Уставот и негова можна промена

Уставот на Македонија и негова промена стануваат главно барање на Грција.

За постигнување решение со Грција, граѓаните во најголем број не прифаќаат никаква промена на Уставот (48,3%), додека 18,3% сметаат дека е прифатлива промена на Уставот за утврдување на меѓународно име.

**Графикон 5. Дали е прифатлива промена на Уставот за постигнување решение**



Етничките Македонци (60,7%) и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (76,3%) повеќе од останатите сметаат дека никаква промена на Уставот не треба да има. Најголем број од симпатизерите на СДСМ го делат овој став (34,7%), иако за нив, за разлика од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, се многу поприфатливи промената на уставното име и утврдување на меѓународно име.

**Табела 5. Најприфатлив став кај симпатизерите на политички партии, 2018 година (%)**

| Најприфатлив став | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Со промена на уставното име** | 8,6 | 41,8 | 5,2 | 19,8 | 38,4 |
| **Без промена на уставното име, а со утврдување на меѓународно име** | 15,1 | 29,6 | 7,1 | 26,9 | 26,0 |
| **Со промена во одредби кои не се врзани за името** | 12,1 | 21,1 | 10,4 | 13,2 | 27,4 |
| **Никаква промена на Уставот не е прифатлива** | 60,7 | 5,2 | 76,3 | 34,7 | 6,8 |
| **Не знам/без одговор** | 3,4 | 2,3 | 0,9 | 5,4 | 1,4 |

### 3.3. Прифатливост на географски одредници

Граѓаните беа прашани за прифатливоста на географските одредници, и тоа за најчесто споменуваните: Горна, Северна, Нова, Вардарска и Скопје. Исто така, граѓаните се прашани за местото на одредницата во можното решение за името.

За нешто помалку од половина граѓани (44,9%), не е прифатлива ниту една од понудените географски одредници. Овој став е одбран од 70,3% во 2013 година.

Опцијата Горна е прифатлива за 17,1%, што претставува зголемување во прифатливоста на оваа опција од 2013 година (7,5%).

**Графикон 6. Најприфатлива географска одредница за постигнување заемно прифатливо решение**



Постои значајна разлика меѓу етничките Македонци и етничките Албанци. Додека 55,1% од етничките Македонци изјавиле „ниту една не е прифатлива“, тоа е став на 9,9% од етничките Албанци. За етничките Албанци, најприфатлива е опцијата Нова (31,9%), а за етничките Македонци по никаква промена, најприфатлива е опцијата Горна (15,3%). Оваа опција е прифатлива за 31,8% од симпатизерите на СДСМ. Мнозинството од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (80,6%) не прифаќаат никаква промена.

**Табела 6. Најприфатлива географска одредница за постигнување заемно прифатливо решение по етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Северна** | 7,0 | 9,9 | 2,8 | 12,8 | 5,5 | **8,1** |
| **Горна** | 15,3 | 24,9 | 4,3 | 31,8 | 26,0 | **17,1** |
| **Вардарска** | 6,3 | 5,6 | 7,1 | 8,3 | 4,1 | **5,9** |
| **Нова** | 2,6 | 31,9 | 0,5 | 4,5 | 39,7 | **9,5** |
| **Скопје** | 11,1 | 16,9 | 4,3 | 21,5 | 9,6 | **11,9** |
| **Ниту една не е прифатлива** | 55,1 | 9,9 | 80,6 | 17,8 | 13,7 | **44,9** |
| **Не знам/без одговор** | 2,6 | 0,9 | 0,5 | 3,3 | 1,4 | **2,7** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Ставовите за местото на географската одредница во можното заемно прифатливо решение се прикажани подолу, заедно со 70% од граѓаните за кои ниту една варијанта не им е прифатлива, одговараат на погоре изнесените ставови за прифатливоста на географска одредница.

За скоро секој четврти граѓанин (24,4%), додавката треба да биде по Република Македонија, додека, пак, за 17,2% додавката треба да биде по Република, а пред Македонија.

**Графикон 7. Најприфатлива варијанта за постигнување заемно прифатливо решение**




Измерена беше и прифатливоста на опцијата за споено име, на пример, Горнамакедонија.

Мнозинството одговорија дека тоа не е прифатлива опција (79,1%). Кај етничките Македонци, неприфаќањето на споено име е уште поголемо (89,9%), а 52,1% од етничките Албанци прифаќаат ваква промена.

**Графикон 8. Прифатливост на споено име (пр. Горнамакедонија)**




## 3.4. Прифатливост на (до)дефинирање на националност и јазик

По ставовите за опсегот и употреба на географска одредница на можното заемно прифатливо решение, истражувани се ставовите за дефинирање на националноста и јазикот. Во графиконот 9 е прикажан ставот на граѓаните за дефинирање на националноста/државјанството во ООН.

За 47,9%, најприфатливо е националноста/државјанството да биде македонско/Macedonian.

**Графикон 9. Прифатливост на националност/државјанство во ООН**



Во однос на овој став, постојат разлики помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци, имено, кај етничките Македонци најприфатливо е националноста/државјанството да биде Македонско/Macedonian, додека кај етничките Албанци најприфатливи се опциите граѓанин на Република Македонија/Citizen of Republic of Upper Macedonia (34,7%) и граѓанин на Република Горна Македонија (Citizen of Republic of Upper Macedonia)/македонско (Macedonian) (34,3%).

**Табела 7. Прифатливост на националност/државјанство во ООН по етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| % | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Граѓанин на Република Горна Македонија/Citizen Of Republic of Upper Macedonia** | 7,3 | 34,7 | 1,9 | 15,7 | 32,9 | **14,4** |
| **Граѓанин на Република Горна Македонија (Citizen Of Republic of Upper Macedonia)/македонско (Macedonian)** | 7,1 | 34,3 | 0,5 | 16,5 | 35,6 | **12,9** |
| **Makedonsko** | 12,3 | 9,4 | 19,0 | 9,1 | 6,8 | **12,4** |
| **Македонско/Macedonian** | 59,1 | 14,6 | 59,2 | 55,8 | 17,8 | **47,9** |
| **Ниту една** | 13,3 | 3,3 | 18,5 | 2,1 | 2,7 | **10,9** |
| **Не знам/без одговор** | 0,9 | 3,8 | 0,9 | 0,8 | 4,1 | **1,5** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графиконот 10 е прикажан ставот на граѓаните за прифатливост на дефинирање на јазикот во ООН.

**Графикон 10. Прифатливост на додефинирање на јазикот во ООН**




Видливо е дека најприфатлива опција е дефиницијата македонски/Macedonian (45,7%), а најмалку прифатлива дефиниција е јазикот на Република Горна Македонија/македонски (Macedonian) (7,5%).

Оваа опција е најприфатлива за етничките Македонци (55,3%), додека, пак, за третина од етничките Албанци најприфатливо е јазикот да е дефиниран како јазик на Република Горна Македонија.

**Табела 8. Прифатливост на додефинирање на јазикот во ООН по етничка припадност и симпатизерство на политички партии (во %)**

| | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јазикот на Република Горна Македонија** | 4,1 | 33,8 | 1,4 | 9,1 | 42,5 | **11,4** |
| **Јазикот на Република Горна Македонија/македонски (Macedonian)** | 4,1 | 17,8 | 0,0 | 11,6 | 16,4 | **7,5** |
| **Makedonski** | 17,6 | 14,1 | 19,4 | 17,4 | 5,5 | **16,5** |
| **Македонски (официјален јазик на Република Горна Македонија)** | 7,4 | 14,6 | 1,9 | 12,8 | 8,2 | **9,0** |
| **Македонски/Macedonian** | 55,3 | 13,6 | 61,6 | 47,5 | 20,5 | **45.7** |
| **Ниту една** | 10,0 | 3,3 | 14,2 | 0,8 | 2,7 | **8.3** |
| **Не знам/без одговор** | 1,4 | 2,8 | 1,4 | 0,8 | 2,7 | **1.7** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

## 3.5. Ексклузивност на употреба

Според мнозинството граѓани, поимот Македонија треба да го користат двете држави. Сепак, третина сметаат дека само Македонија има право на тој поим.

**Графикон 11. Кој треба да го користи поимот Македонија**




Четвртина од етничките Албанци (26,8%) и петтина од симпатизерите на ДУИ (21,9%) сметаат дека овој поим не треба да го користат ниедна од државите. 42,2% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека само Македонија смее да го користи овој термин.

**Табела 9. Прифатливост на користење на поимот Македонија по етничка припадност и симпатизерство на политички партии (во %)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Да го користат двете држави | 59 | 34,7 | 51,7 | 67,4 | 37,0 |
| Само Македонија | 34 | 31,9 | 42,2 | 27,3 | 27,4 |
| Само Грција | 0,3 | 0,5 | 0,5 | 0,4 | 1,4 |
| Ни едната ни другата држава | 4 | 26,8 | 4,7 | 2,5 | 21,9 |
| Не знам/без одговор | 2,7 | 6,1 | 0,9 | 2,5 | 12,3 |

## 3.6. Употреба на кодови

Запрашани дали им е прифатливо промена на кодот МК за земјата, големо мнозинство одговара дека не им е прифатливо.

**Графикон 12. Прифатливост за промена на кодот МК на земјата**




Мнозинството етнички Албанци (54,9%) кажуваат дека за нив ова не би било проблем. Секој трети симпатизер на СДСМ, исто така, не ја гледа промената на кодот МК како проблем.

**Табела 10. Прифатливост на промена на кодот МК на земјата по етничка припадност и симпатизерство на политички партии (во %)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | 15,4 | 54,9 | 5,7 | 35,5 | 65,8 |
| Не | 80,7 | 43,7 | 93,4 | 60,7 | 30,1 |
| Не знам/без одговор | 3,9 | 1,4 | 0,9 | 3,7 | 4,1 |

Слична е дистрибуцијата на одговори на прашањето за прифатливост на менување на интернет-кодот МК на земјава.

**Графикон 13. Прифатливост за промена на интернет-кодот МК на земјата**




Менување на интернет-кодот МК е прифатливо за половина од етничките Албанци и за секој трет симпатизер на СДСМ.

## 3.7. Мерки за градење доверба

Граѓаните беа запрашани колку го оправдуваат преименувањето на аеродромот и автопатот со цел решавање на спорот, како и евентуалното отстранување на споменикот „Воинот на коњ“.

Мнозинството граѓани не го оправдуваат преименувањето на аеродромот и автопатот (51%).

**Графикон 14. Оправданост за преименување на аеродромот и автопатот за постигнување решение со Грција**



Погледнато низ призма на етничка припадност, забележливо е дека ова е многу пооправдано за етничките Албанци. Секој петти етнички Македонец смета дека ова е донекаде оправдано, а скоро половина сметаат дека воопшто не е оправдано.

Мнозинството симпатизерите на СДСМ го оправдуваат ова.

**Табела 11. Оправданост за преименување на аеродромот и автопатот по етничка припадност и симпатизерство на политички партии (во %)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Целосно оправдано | 13,7 | 49,8 | 0,9 | 36,4 | 57,5 |
| Донекаде оправдано | 21,9 | 35,7 | 2,8 | 39,3 | 31,5 |
| Донекаде неоправдано | 13,6 | 11,3 | 9,5 | 11,2 | 9,6 |
| Воопшто не е оправдано | 49 | 2,3 | 85,8 | 12,8 | 1,4 |
| Не знам/без одговор | 1,9 | 0,9 | 0,9 | 0,4 | 0,0 |

За повеќе од четвртина од граѓаните (28,1%) е прифатливо да се отстрани споменикот Воин на коњ во Скопје, со цел решавање на спорот со Грција.

**Графикон 15. Прифатливост за отстранување на споменикот Воин на коњ во Скопје**




Мнозинството етнички Македонци (77,9%) не се согласуваат со отстранување на споменикот Воин на коњ во Скопје. Мислењето кај симпатизерите на СДСМ е поделено, 43,8% сметаат дека е прифатливо, додека 46,3% сметаат дека не е.

**Табела 12. Прифатливост за отстранување на споменикот Воин на коњ во Скопје по етничка припадност и симпатизерство на политички партии (во %)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | 15,3 | 69,0 | 0,9 | 43,8 | 79,5 |
| Не | 77,9 | 27,7 | 97,6 | 46,3 | 19,2 |
| Не знам/без одговор | 6,9 | 3,3 | 1,4 | 9,9 | 1,4 |

### 3.8. Време на стапување во сила на можниот договор

Дополнителен елемент на можното заемно прифатливо решение е времето на стапување во сила, каде граѓаните се прашани за нивниот став меѓу никогаш, веднаш и одложено во моментот на станување членка на ЕУ. Ставовите се прикажани во графиконот 16.

За повеќе од третина (37,8%), договорот за името не треба да стапи никогаш во сила. Сепак, исто повеќе од третина (35,6%) сметаат дека договорот треба да стапи во сила по станувањето членка во ЕУ.

**Графикон 16. Најсоодветен момент да стапи во сила заемно прифатеното решение**




Одговорите на ова прашање се разликуваат доколку се погледнат од етничка призма. За мнозинство од етничките Албанци, договорот треба да стапи во сила веднаш по договорот.

**Табела 13. Најсоодветен момент да стапи во сила заемно прифатеното решение по етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Никогаш, не ми е прифатлива промена на името** | 47,7 | 3,8 | 2,8 | 31,0 | 56,2 | **37,8** |
| **Веднаш по договорот, независно од интеграциите во НАТО И ЕУ** | 13,3 | 54,0 | 22,7 | 49,6 | 39,7 | **22,8** |
| **Одложено, во моментот кога ќе станеме членка на ЕУ за да нема нови условувања** | 34,9 | 39,4 | 73,0 | 14,5 | 2,7 | **35,6** |
| **Не знам/без одговор** | 4,1 | 2,8 | 1,4 | 5,0 | 1,4 | **3,8** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

# 4. НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ И ДРУГИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА СПОРОТ

Граѓаните беа прашувани за фактори кои влијаат на нивните перцепции за спорот, како зачувување на националниот идентитет, важност на евроатлантски интеграции, како и главни закани/ризици ако има решение и ако нема решение за спорот.

## 4.1. Национален идентитет

Граѓаните се прашани за тоа што е најважно за да се задржи идентитетот на македонскиот народ, надвор од името на земјата.

За граѓаните, јазикот е најважен фактор во зачувување на националниот идентитетот (27,4%), потоа Уставот (23,5%) и државјанството (23,1%).

**Графикон 17. Што е најважно за зачувување на идентитетот на македонскиот народ**




**Табела 14. Најважно за зачувување на идентитетот на македонскиот народ по етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Знаме** | 4,9 | 16,7 | 4,3 | 6,9 | 8,1 |
| **Јазик** | 29,7 | 21,8 | 27,3 | 30,7 | 13,2 |
| **Државјанство** | 24,4 | 19,0 | 26,3 | 26,0 | 29,4 |
| **Устав** | 24,6 | 18,5 | 28,0 | 20,6 | 25,0 |
| **Историја** | 12,3 | 12,1 | 11,4 | 10,5 | 16,2 |
| **Митови, приказни и традиција** | 1,3 | 4,1 | 1,0 | 2,6 | 1,5 |
| **Храната** | 0,4 | 2,3 | 0,0 | 0,2 | 0,7 |
| **Фолклор** | 1,0 | 2,1 | 1,0 | 1,1 | 2,2 |
| **Друго** | 0,7 | 0,8 | 0,5 | 0,4 | 0,0 |
| **Не знам/без одговор** | 0,7 | 2,8 | 0,2 | 1,1 | 3,7 |

Скоро половина од граѓаните (45,1%) сметаат дека македонскиот идентитет ќе се смени доколку се смени уставното име. За 17,8%, во ниедна ситуација нема да се промени македонскиот идентитет.

**Графикон 18. Во која ситуација македонскиот идентитет ќе се промени**




Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ повеќе од симпатизерите на СДСМ сметаат дека во сите ситуации ќе се промени идентитетот (30,8% наспроти 8,3%), а обратно, симпатизерите на СДСМ повеќе од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека во ниедна ситуација нема да се промени македонскиот идентите (35,1% наспроти 7,1%).

**Табела 15. Во која ситуација македонскиот идентитет ќе се промени по етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Доколку се смени уставно име | 45,6 | 43,2 | 53,6 | 36,4 | 31,5 |
| Доколку се смени името за меѓународна употреба | 5,1 | 18,3 | 2,8 | 10,3 | 23,3 |
| Доколку се смени референцата ПЈРМ | 1,1 | 11,7 | 1,4 | 2,9 | 17,8 |
| Во сите ситуации | 19,7 | 6,1 | 30,8 | 8,3 | 9,6 |
| Во ниедна ситуација нема да се промени македонскиот идентитет | 19,4 | 16 | 7,1 | 35,1 | 12,3 |
| Не знам/без одговор | 9,0 | 4,7 | 4,3 | 7,0 | 5,5 |

Големо мнозинство (73,8%) од граѓаните сметаат дека промената на уставното име на Република Македонија, ќе има влијание врз идентитетот Македонци, македонски и македонски јазик.

Мнозинство етнички Македонци (57,9%) сметаат дека многу ќе влијае промената на уставното име на Република Македонија врз идентитетот, наспроти 35,7% од етничките Албанци кои го делат ова мислење. Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ повеќе сметаат дека промената ќе влијае врз идентитетот од симпатизерите на СДСМ (97,2% наспроти 52,4%).

**Табела 16. Доколку се промени уставното име, колку ќе влијае на идентитетот Македонци, македонски и македонски јазик по етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Многу ќе влијае** | 57,9 | 35,7 | 87,2 | 26,0 | 39,7 | 53,3 |
| **Донекаде ќе влијае** | 18,0 | 29,6 | 10,0 | 26,4 | 26,0 | 20,5 |
| **Донекаде нема да влијае** | 11,1 | 19,2 | 1,9 | 21,9 | 19,2 | 12,7 |
| **Воопшто нема да влијае** | 10,9 | 13,1 | 0,5 | 23,6 | 12,3 | 11,0 |
| **Не знам/без одговор** | 2,1 | 2,3 | 0,5 | 2,1 | 2,7 | 2,5 |

## 4.2. Важност на евроатлантски интеграции

Граѓаните беа прашани за нивниот став при еднаква важност меѓу Македонија (името) и евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ), што е поважно за нив „зачувувањето на името и по цена тоа доведе до застој на евроатлантските интеграции и да го намали економскиот развој“ или „евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ), за да се обезбеди перспективата на државата, дури и ако треба да се прифати компромис со Грција, кој не го загрозува македонскиот идентитет, културата и јазикот“.

Граѓаните сметаат дека се поважни евроатланските интеграции од зачувувањето на името (49,7%). За зачувување на името се 35,0%, што е намалување во однос на 2013 година кога таков став имале 49,9%.

**Графикон 19. НАТО/ЕУ или зачувување на името на Република Македонија во 2018, 2013 и во 2011 година**




Околу ова прашање се јавуваат и етнички и партиски разлики. 44,6% етнички Македонци се за зачувување на името, а 90,1% од етничките Албанци се за ЕУ и НАТО. Кај симпатизерите на СДСМ, изборот за ЕУ и НАТО е зголемен на 76,9% од 33,8% во 2013 година.

**Табела 17. НАТО/ЕУ или зачувување на името на Република Македонија по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕУ и НАТО се поважни и по цена на компромис | 38,1 | 90,1 | 10,4 | 76,9 | 94,5 | **49,7** |
| Зачувување на име и по цена на застој на евроатлантските интеграции | 44,6 | 3,8 | 66,4 | 18,6 | 2,7 | **35,0** |
| Не се согласувам со ниту една од наведените изјави | 15,9 | 5,6 | 22,3 | 3,3 | 2,7 | **14,1** |
| Не знам/без одговор | 1,4 | 0,5 | 0,9 | 1,2 | 0,0 | **1,2** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Големо мнозинство (88,9%) од граѓаните кои се изјасниле дека им е поважно зачувување на името, на прашањето за решение се определиле за никаква промена. Кај граѓаните кои се изјасниле за евроатлантските интеграции, најзастапен е ставот за ново име за сите употреби (25,3%), а втор застапен став за решение за името е „договорено име во меѓународни организации" (23,6%).

**Табела 18. Вкрстени ставови за НАТО/ЕУ или зачувување на името на Република Македонија со најприфатливо решение (%)**

| Ставови | Зачувување на име и по цена на застој | ЕУ и НАТО се поважни и по цена на компромис | Не се согласувам со ниту една | Не знам/БО | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Договорено име во меѓународните организации | 3,4 | 23,6 | 2,8 | 25,0 | **13,6** |
| „Двојна формула" | 5,4 | 22,2 | 9,2 | 16,7 | **14,4** |
| Никаква промена | 88,9 | 11,4 | 71,1 | 25,0 | **47,1** |
| Ново име за сите употреби | 1,4 | 25,3 | 7,0 | 8,3 | **14,1** |
| Договорено име за меѓународна употреба | 0,9 | 17,0 | 8,5 | 8,3 | **10,1** |
| Не знам/БО | 0,0 | 0,4 | 1,4 | 16,7 | **0,6** |
| Вкупно | 35,0 | 49,7 | 14,1 | 1,2 | **100,0** |

### 4.3. Главни закани/ризици

Граѓаните за главна причина за нерешавање на спорот го сметаат неприфаќањето од страна на Грција на реалноста за постоење на Македонија, Македонци и македонски јазик, кој е став на 53,8% граѓани. Втора причина за граѓаните е непостоење интерес за решение кај големите сили (20,2%), а за трета причина за нерешавање за граѓаните е во (македонскиот) национализам и крадење на античката историја од страна на Македонија (10,3%).

Главните закани, за граѓаните, ако не се реши спорот, се претставени во графикон 20.

**Графикон 20. Главни закани/ризици ако не се реши спорот**




Најголем ризик за граѓаните е застој во евроатлантските интеграции, што како ризик го согледуваат 29,3% од граѓаните, што е намалување од 32,3% во 2013 година. Намалена е и перцепцијата на ризик од економски развој на 23,1% од 26,1% во 2013 година.

Ставовите за ризиците ако не се реши спорот се споредени по етничка припадност и по партиско симпатизерство.

**Табела 19. Главни закани/ризици ако не се реши спорот по етничка основа и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Застој во евроатлантските интеграции (ЕУ, НАТО)** | 27,1 | 35,4 | 20,8 | 32,3 | 40,8 | **29,3** |
| **Економски застој** | 22,1 | 25,1 | 16,4 | 29,1 | 16,2 | **23,1** |
| **Влошување на меѓуетничките односи** | 16,4 | 28,7 | 17,1 | 18,7 | 30,3 | **19,7** |
| **Влошување на безбедносната ситуација** | 15,1 | 9,3 | 15,4 | 14,1 | 12,0 | **13,2** |
| **Ништо нема да се случи** | 16,2 | 1,0 | 26,2 | 4,6 | 0,7 | **12,0** |
| **Друго** | 0,5 | 0,0 | 0,3 | 0,5 | 0,0 | **0,6** |
| **Не знам/без одговор** | 2,6 | 0,5 | 3,7 | 0,7 | 0,0 | **2,1** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графикон 21 се претставени главните закани ако се реши спорот со договор со Грција. Најголема закана во случај на договор со Грција за граѓаните се нови отстапки во идентитетот кои ќе ги бара Грција (34,2%), што е споредливо со резултатот од 2013 година (32,9%).

**Графикон 21. Што е веројатно да се случи по решавање на спорот со Грција**




Стравот дека ќе настанат судири внатре во Македонија, пораснал од 20% во 2013 година, на 33,9%. Перцепцијата за закана дека ЕУ нема да нѐ прими поради намален интерес за проширување, се зголемува во континуитет од 2011 година: 17,2% во 2018 година, 12,8% во 2013 година и 6,8% во во 2011 година.

Етничките Албанци многу повеќе гледаат можност за внатрешни судири доколку се постигне договор со Грција, 46,3% наспроти 30,9% кај етничките Македонци.

**Табела 20. Што ќе се случи откако ќе се реши спорот со Грција по етничка основа и симпатизерство на политичка партија**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Грција ќе има дополнителни барања од Македонија** | 35,5 | 29,4 | 41,5 | 25,6 | 35,2 | **34,2** |
| **Договорот ќе предизвика судири внатре во Македонија** | 30,9 | 46,3 | 28,8 | 36,4 | 45,8 | **33,9** |
| **Без разлика на договорот, ЕУ не е подготвена за проширување** | 16,8 | 17,2 | 19,5 | 13,4 | 19,2 | **17,2** |
| **Ништо нема да се случи** | 11,0 | 5,3 | 46,5 | 32,5 | 20,4 | **10,0** |
| **Друго** | 1,3 | 0,6 | 0,3 | 3,8 | 0,0 | **1,1** |
| **Не знам/без одговор** | 4,5 | 1,3 | 2,8 | 4,8 | 0,0 | **3,6** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

# 5. ГРАДЕЊЕ НАЦИОНАЛЕН СТАВ

Граѓаните се прашани за нивната перцепција дали постои национален консензус, која е позицијата на Владата, како ги оценуваат позициите на Претседателот, Владата и главните политички партии, и како решението за спорот би влијаел на нивната одлука за гласање.

Граѓаните сметаат дека не постои консензус, односно 39,7% сметаат дека постои консензус, наспроти 55,1% дека не постои.

**Графикон 22. Постоење широк договор – консензус меѓу релевантните политички партии за спорот за името**




Повеќе од половина од етничките Албанци (54,5%) сметаат дека постои консензус, наспроти 36,7% од етничките Македонци. Симпатизерите на СДСМ повеќе од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека постои консензус.

**Табела 21. Постоење широк договор – консензус меѓу релевантните политички партии за спорот за името по етничка основа и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосен консензус** | 11,1 | 15,0 | 4,7 | 19,0 | 15,1 | **11,3** |
| **Одреден консензус** | 25,6 | 39,4 | 17,5 | 38,4 | 32,9 | **28,5** |
| **Делумно не постои консензус** | 27,6 | 29,6 | 28,9 | 24,4 | 34,2 | **27,9** |
| **Воопшто не постои консензус** | 30,1 | 13,6 | 42,7 | 14,0 | 15,1 | **27,2** |
| **Не знам/БО** | 5,6 | 2,3 | 6,2 | 4,1 | 2,7 | **5,2** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Граѓаните имаа шанса да ја кажат својата перцепција за позицијата на Владата на Република Македонија во однос на ова прашање. Дистрибуцијата на одговори покажува дека повеќе од четвртина од граѓаните сметаат дека Владата е за опцијата „Ерга омнес“ (26%). Близок е процентот на оние кои мислат дека позицијата на Владата е договорено име за севкупна меѓународна употреба, со оние кои сметаат дека Владата се залага со двојна формула (16,8% наспроти 15,1%).

**Графикон 23. Позиција на Владата на Република Македонија**




Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ во најголем број сметаат дека ставот на Владата е опцијата „ерга омнес“ (21,8%), а близок е процентот (20,4%) на оние кои сметаат дека Владата се залага за опцијата „Двојна формула“.
Симпатизерите на СДСМ, пак, во најголем број сметаат дека Владата се залага за договорено име во меѓународни организации (23,1%). Слично, 21,5% симпатизери на СДСМ сметаат дека владата се залага за „Двојна формула“ и 20,7% сметаат дека ставот на Владата е промена за сите употреби „ерга омнес“ (табела 22).

**Табела 22. Ставовите за позиција на Влада на Република Македонија кај симпатизерите на политички партии, 2018 година (%)**

| Најприфатлив став | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Договорено име во меѓународните организации** | 10,0 | 23,1 | 8,2 | **26,0** |
| **„Двојна формула“** | 20,4 | 21,5 | 15,1 | **16,8** |
| **Никаква промена** | 18,5 | 6,6 | 12,3 | **15,1** |
| **Ново име за сите употреби „ерга омнес“** | 21,8 | 20,7 | 30,1 | **13,6** |
| **Договорено име за меѓународна употреба** | 18,0 | 17,8 | 21,9 | **13,0** |
| **Не знам/без одговор** | 11,4 | 10,3 | 12,3 | **15,3** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Понатаму, испитаниците беа запрашани да ги поставаат политичките партии и дел од политичарите на скала, каде на едниот крај е ставот дека името никако не смее да се промени, дури и по цена на евроатлантските интеграции (-5), а на другиот крај е позицијата дека евроатлантската интеграција е најважна, дури и ако е потребно да се промени името (+5). Во табела 23 се дадени средните оценки на секој од нив.

**Табела 23. Позиционираност на скала „Името никако не смее да се промени, дури и по цена на евроатлантските интеграции (-5), евроатлантската интеграција е најважна, дури и ако е потребно да се промени името (+5)“**

| Политичар/институција | Средна оценка |
|---|---|
| Претседателот Ѓорѓе Иванов | -3.36 |
| Политичката партија на власт СДСМ | 3.35 |
| Политичката партија во опозиција ВМРО-ДПМНЕ | -2.86 |
| Политичката партија ДУИ | 3.42 |
| Политичката партија БЕСА | 2.90 |
| Владата на Република Македонија | 3.05 |

Оценувана беше и успешноста на справување со спорот за името, Премиерот, Владата и министерот за надворешни работи, Никола Димитров, на скала од 1 до 5.
Табела 24 ги прикажува средните оценки на ова прашање.

**Табела 24. Колку успешно се справуваат со спорот за името следниве политичари на скала од 1 до 5**

| Политичар/институција | Средна оценка |
|---|---|
| Премиерот Зоран Заев | 3.01 |
| Министерот за надворешни работи Никола Димитров | 3.01 |
| Владата на Република Македонија | 2.94 |

Кога би се решил спорот за името со Грција, 36% од граѓаните на наредните избори ќе гласаат за партијата која го решила спорот.

**Графикон 24. На следните избори ќе гласам за партијата која го решила спорот**




Скоро половина од етничките Македонци (49,6%) не би гласале за партијата која ќе го реши спорот за името со Грција. Две третини од етничките Албанци и од симпатизерите на СДСМ би гласале за таа партија.

**Табела 25. На следните избори ќе гласам за партијата која го решила спорот по етничка основа и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 27,4 | 64,3 | 6,6 | 65,3 | 60,3 |
| **Не** | 49,6 | 19,7 | 80,6 | 16,5 | 21,9 |
| **Не знам/без одговор** | 23 | 16 | 12,8 | 18,2 | 17,8 |

# 6. РЕФЕРЕНДУМ

Според изјавите на повеќето клучни политички чинители во Македонија, решението за името ќе треба да биде поддржано од граѓаните на референдум.

Во графикон 25 се презентирани ставовите на граѓаните за поддршка на референдум. За референдум се 71,4% од граѓаните и поддршката е во пораст, таа изнесувала 66,3% во 2013 година, 64,0% во 2011 година и 54,4% во 2010 година.

**Графикон 25. Дали е потребно граѓаните да се изјаснат на референдум за евентуалното решение за спорот за името**




Референдумот е генерално поддржан од сите социодемографски групи. Поддршката за референдум е зголемена кај етничките Македонци и кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ.

**Табела 26. Поддршка на референдум за името по етничка и по партиска основа (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 79,3 | 46,5 | 85,8 | 69,4 | 58,9 | **71,4** |
| **Не** | 17,6 | 49,8 | 13,3 | 26,9 | 35,6 | **25,2** |
| **Не знам/без одговор** | 3,1 | 3,8 | 0,9 | 3,7 | 5,5 | **3,4** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графиконот 26 се претставени ставовите како би се изјасниле граѓаните на референдум.

**Графикон 26. На референдум на кое е поставено следното прашање „Дали се согласувате со промена на името во Република Горна Македонија, како ќе гласате**




Мнозинство граѓани (50,2%) би гласале „не“ на референдум за Република Горна Македонија. Тоа е намалување во однос на 2013 година, кога 62,7% би гласале „не“ за Република Горна Македонија.

Со „не“ би гласало мнозинство (62%) етнички Македонци, како и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Споредено со 2013 година, кај етничките Македонци забележуваме пораст на прифаќање промена (28,3% во 2018 година, наспроти 5,4% во 2013 година). „Да“ би се изјасниле 85,0% од етничките Албанци, значително повеќе од 2011 година (48,8%).

Мнозинство од симпатизерите на СДСМ (63,6%) би се согласиле на промена на референдум. Големо мнозинство од ДУИ (86,3%), исто така, би одговориле со „Да“.

**Табела 27. Согласност (на референдум) за промена на името Република Горна Македонија, по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 28,3 | 85,0 | 6,6 | 63,6 | 86,3 | **41,5** |
| **Не** | 62,0 | 12,2 | 88,2 | 27,7 | 13,7 | **50,2** |
| **Нема да гласам** | 4,4 | 1,4 | 4,3 | 2,9 | 0,0 | **3,8** |
| **Не знам/без одговор** | 5,3 | 1,4 | 0,9 | 5,8 | 0,0 | **4,5** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Големо мнозинство од граѓаните за кои не е прифатлива промена на името (никаква промена), на референдум за промена на името ќе гласаат против.

**Табела 28. Вкрстени ставови: изјаснување на референдум со најприфатливо решение**

| Став | Договорено име во меѓунар. орг. | „Двојна формула“ | Никаква промена | Ново име за сите употреби | Договорено име за меѓунар. употреба | НЗ/БО | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 67,9 | 61,4 | 5,7 | 90,8 | 77,2 | 16,7 | 41,5 |
| Не | 15,3 | 29,7 | 87,5 | 7,7 | 13,9 | 16,7 | 50,2 |
| Нема да гласам | 2,2 | 2,8 | 5,7 | 0,0 | 2,0 | 33,3 | 3,8 |
| Не знам/БО | 14,6 | 6,2 | 1,1 | 1,4 | 6,9 | 33,3 | 4,5 |
| Вкупно | 13,6 | 14,4 | 47,1 | 14,1 | 10,1 | 0,6 | 100,0 |

За проценка на можното влијание на членството во ЕУ, поставено е прашање за изјаснување на референдум за договор за име поврзан со членство во ЕУ, што е претставено во графикон 8.

Скоро половина од граѓаните (47,6%) се согласуваат со промена на името во Република Горна Македонија, кога земјата ќе стане членка на ЕУ.

**Графикон 27. Согласност (на референдум) за промена на името во Република Горна Македонија, кога земјата ќе стане членка на ЕУ**




Повеќе од третина од етничките Македонци (35,7%) се согласни со промена на името, кога земјата ќе стане членка на ЕУ. Постои голема разлика во одговорот на ова прашање кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (10% би прифатиле вака промена) и симпатизерите на СДСМ (72,3%) би прифатиле промена.

**Табела 29. Согласност (на референдум) за промена на името Република Горна Македонија, кога земјата ќе стане членка на ЕУ по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 35,7 | 87,8 | 10,0 | 72,3 | 86,3 | **47,6** |
| Не | 56,0 | 8,5 | 84,8 | 23,6 | 9,6 | **45,0** |
| Нема да гласам | 4,6 | 0,5 | 3,8 | 1,7 | 0,0 | **3,7** |
| Не знам/без одговор | 3,7 | 3,3 | 1,4 | 2,5 | 4,1 | **3,7** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Беше поставено и прашање за согласност на референдум за промена на референцата ПЈРМ во Република Горна Македонија. Дистрибуцијата на одговори покажува дека 43,6% би се согласиле со ова.

**Графикон 28. Согласност (на референдум) за промена на референцата ПЈРМ во Република Горна Македонија**




**Табела 30. Согласност (на референдум) за промена на референцата ПЈРМ во Република Горна Македонија, по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 30,6 | 86,9 | 10,9 | 66,5 | 87,7 | **43,6** |
| **Не** | 59,1 | 8,0 | 83,4 | 25,2 | 8,2 | **47,2** |
| **Нема да гласам** | 5,6 | 2,8 | 4,7 | 2,9 | 2,7 | **4,8** |
| **Не знам/без одговор** | 4,7 | 2,3 | 0,9 | 5,4 | 1,4 | **4,4** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графиконот 29 се претставени можните реакции на граѓаните на можен договор, поддржан од големите политички партии и на спроведување референдум.

**Графикон 29. Учество во партиски активности за референдум**




Најмногу граѓани (29,2%) би се приклучиле во кампањи и собири за поддршка и гласање ЗА договорот.

Етничките Албанци повеќе од етничките Македонци би се приклучиле на кампањи и собири за поддршка и гласање ЗА договорот (54,5% наспроти 22,6%). Незначително малцинство од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (8,1%) би се приклучиле ЗА поддршка на договорот.

**Табела 31.5 Учество во партиски активности за референдум по етничка основа и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Би се приклучил на кампањи и собири за поддршка и гласање ЗА договорот** | 22,6 | 54,5 | 8,1 | 50,4 | 46,6 | **29,2** |
| **Нити едно од понудените** | 24,3 | 23,9 | 34,3 | 26,8 | 20,4 | **25,2** |
| **Зависи од крајното решение** | 23,6 | 16,0 | 22,3 | 14,5 | 17,8 | **22,3** |
| **Би се приклучил на кампањи и собири за поддршка и гласање ПРОТИВ договорот** | 27,6 | 2,3 | 17,5 | 24,0 | 31,5 | **20,9** |
| **Не знам/без одговор** | 2,0 | 3,3 | 1,9 | 2,9 | 1,4 | **2,4** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

# 7. ОЧЕКУВАЊА ЗА РЕШЕНИЕ НА СПОРОТ

Граѓаните се прашани и за нивната желба за решение наспроти очекување кога ќе се постигне решение, за искреноста на страните во спорот, и за вклученоста на меѓународната заедница.

Во графиконот 30 се прикажани одговорите на граѓаните за колку време сакаат да се реши спорот, односно за колку време мислат дека ќе се реши спорот.

Скоро половина од граѓаните (48%) сакаат решавање на спорот за 1 година, што е намалување во однос на 2013 година (54,6%). Скоро третина (32,8%) од граѓаните сакаат да се реши кога било, само во случај на разумен договор.

Очекувањата, пак, за решавање во една година се значајно зголемени од 9,6% во 2013 година, на 26,3% во 2018 година. Намален е бројот на оние кои сметаат дека никогаш нема да се реши спорот (17,3% во 2018 година, наспроти 29,4% во 2013 година).

**Графикон 30. Лична желба и очекување за решение на спорот со името (%)**




Поголем оптимизам за решавање на спорот покажуваат етничките Албанци од етничките Македонци, како и гласачите на СДСМ и на ДУИ.

**Табела 32. Очекување за решение на спорот со името по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **За една година** | 24,6 | 38,0 | 19,9 | 43,0 | 39,7 | **26,3** |
| **За две до пет години** | 22,9 | 25,8 | 16,1 | 29,8 | 31,5 | **23,1** |
| **За шест до десет години** | 7,1 | 18,3 | 9,0 | 6,6 | 8,2 | **10,1** |
| **Повеќе од десет години** | 9,3 | 8,9 | 16,6 | 3,7 | 11,0 | **9,9** |
| **Никогаш** | 21,6 | 4,7 | 27,5 | 6,6 | 8,2 | **17,3** |
| **Не знам/БО** | 14,6 | 4,2 | 10,9 | 10,3 | 1,4 | **13,3** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во графикон 31 се претставени ставовите за искреноста на страните да најдат решение.

Може да се види дека третина (33,3%) сметаат дека двете држави подеднакво се залагаат. Ваквата перцепција е променета од 2013 година, кога малцинство сметале така (13,8%).

**Графикон 31. Верба во искреноста на страните да најдат решение**




Мнозинството симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ (40,8%) мислат дека само македонската страна искрено се залага да најде решение. Мнозинството етнички Албанци мислат дека двете држави подеднакво не се залагаат. Дека само грчката страна искрено се залага, мислат 6,5% од граѓаните.

**Табела 33. Верба во искреноста на страните да најдат решение**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Двете држави искрено се залагаат** | 34,0 | 33,3 | 16,6 | 61,2 | 46,6 | **33,3** |
| **Само македонската страна се залага** | 32,6 | 9,3 | 40,8 | 19,0 | 5,5 | **26,8** |
| **Само грчката страна се залага** | 4,1 | 11,7 | 5,7 | 3,3 | 9,6 | **6,5** |
| **Двете држави подеднакво не се залагаат** | 20,3 | 43,7 | 28,4 | 14,0 | 37,0 | **26,2** |
| **Не знам/без одговор** | 9,0 | 1,9 | 8,5 | 2,5 | 1,4 | **7,3** |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Како трета страна која најмногу може да придонесе за решавање на спорот, граѓаните ги сметаат САД (23,2%) и ЕУ (22,5%).

**Графикон 32. Дали постои интерес за решавање на спорот за името со Грција кај големите сили**




**Табела 34. Дали постои интерес за решавање на спорот со името кај големите сили по етничка основа и партиско симпатизерство (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 58,0 | 79,8 | 46,9 | 82,2 | 78,1 | **62,9** |
| **Не** | 32,0 | 15,5 | 42,2 | 13,2 | 17,8 | **27,8** |
| **Не знам/без одговор** | 10,0 | 4,7 | 10,9 | 4,5 | 4,1 | **9,3** |

Скоро две третини (62,9%) од граѓаните сметаат дека постои интерес кај големите сили за решавање на спорот за името со Грција.

**Графикон 133. Трета страна (земја или меѓународна организација), која може најмногу да придонесе за решавање на спорот**




Етничките Македонци и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ гледаат помалку интерес за разлика од етничките Албанци и симпатизерите на СДСМ и ДУИ.

**Табела 35. Трета страна (земја или меѓународна организација), која може најмногу да придонесе за решавање на спорот по етничка основа и партиско симпатизерство (%)**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **САД** | 23,0 | 27,7 | 18,0 | 31,8 | 32,9 | **23,2** |
| **ЕУ** | 21,1 | 23,9 | 16,1 | 33,5 | 13,7 | **22,5** |
| **ООН** | 11,6 | 33,3 | 9,5 | 14,0 | 35,6 | **16,6** |
| **Германија** | 6,7 | 8,5 | 4,7 | 7,0 | 8,2 | **7,2** |
| **Русија** | 8,9 | 0,5 | 13,7 | 2,5 | 0,0 | **6,6** |
| **Друга** | 1,0 | 1,9 | 1,8 | 1,2 | 2,7 | **1,4** |
| **Никоја** | 20,9 | 3,8 | 31,3 | 6,6 | 6,8 | **17,0** |

# ЗАКЛУЧОЦИ

### Ставот против каква било промена на името, по растот во 2013 година, на нивото од 2010 година, „ерга омнес“ е најмалку прифатливо решение

Еден од двајца граѓани (47,1%) се против каква било промена на името, што по растот во 2013 година (62,3%), е враќање на нивото од 2010 година (48,4%) и од 2011 година (45,3%). Меѓу етничките Македонци, мнозинството (59,6%) се за никаква промена, што е намалување од 2013 година (79,7%).

Најмалку прифатливо решение е „ерга омнес“ што е неприфатливо за 40,8% граѓани. Ставот против „ерга омнес“ е повисок од сите претходни истражувања, на пример, во 2013 година, тој изнесува 19,9%, најверојатно бидејќи станува јасно дека тоа е главното барање на Грција. „Ерга омнес“ е неприфатливо за мнозинство на етничките Македонци (50,6%), додека „никаква промена“ е неприфатлива за 40,8% од етничките Албанци.

### Се продлабочува јазот меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во однос на решението

Етничките разлики, односно ставовите на етничките Македонци и етничките Албанци, во 2011 година се приближуваа во однос на решението за спорот и поддршката на референдум, но од 2013 година тие почнаа да се оддалечуваат, а сега јазот во ставовите е продлабочен. Ваквото зголемување на јазот меѓу ставовите на етничките Македонци и етничките Албанци е видлив по повеќе прашања.

Во ставовите за „зачувување на името“ наспроти „евроатлантските интеграции“, 44,6% од етничките Македонци би избрале зачувување на името (64,9% во 2013 година), а 90,1% етнички Албанци би избрале евроатлантски интеграции (68% во 2013 година).

Во ставовите за решение што е најприфатливо за етничките Македонци „никаква промена“ (59,6%), е најмалку прифатливо за етничките Албанци (40,8%), и обратно, тоа што е најприфатливо за етничките Албанци „ерга омнес“ (42,3%) е најмалку прифатливо за етничките Македонци (50,6%).

Јазот би бил најдлабок во случај на референдум за промена на името, на кој 85% етнички Албанци би гласале „да“, наспроти 62% на етнички Македонци кои би гласале „не“.

Ваквиот јаз нè доведува до раст ризик од влошување на меѓуетничките односи (во случај на нерешавање на спорот), која перцепција на ризик е 19,7% (23,7% во 2013 година и 13,8% во 2011 година).

### Споено име целосно неприфатливо, за половина граѓани неприфатлива географска одредница, Горна и Скопје, како и додавка по името поприфатливи од другите опции

Споено име (пр. Горнамакедонија) е неприфатливо за големо мнозинство на граѓани (79,1%), што е уште поизразено меѓу етничките Македонци (89,9%).

За половина на граѓаните (44,9%), како и за мнозинството етнички Македонци (55,1%), не е прифатлива ниту една географска одредница. Од предложените географски одредници најприфатливи се Горна и Скопје, како и географска одредница како додавка на името (24,4%).

### Неексклузивна употреба на Македонија, против промена на кодовите

За граѓаните е прифатлива неексклузивна употреба на поимот Македонија од двете земји (53,5%), а 33,6% од граѓаните сметаат дека само Македонија има право да го користи поимот.

Големо мнозинство на граѓани се противат на промена на кодовите и тоа на МК-кодот на земјата (71,7%) и интернет-кодот (69,2%).

### Владините мерки за градење доверба се неприфатени

Мнозинството на граѓани (51%), целосно или донекаде, не го оправдуваат преименувањето на аеродромот и автопатот. Тој став е повисок меѓу етничките Македонци (62,6%). На големо мнозинство од 65,6% граѓани, не им е прифатливо отстранување на споменикот „Воинот на коњ“. Додека тоа е неприфатливо за 77,9% од етничките Македонци (97,6% од симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ, 46,3% на симпатизери на СДСМ), тоа е прифатливо за 69% од етничките Албанци.

### Договорот да стапи во сила кога ќе станеме членка на ЕУ

Надвор од граѓаните кои би сакале никогаш да не стапи во сила договорот, бидејќи не им е прифатлива промена на името, 35,6% од граѓаните сметаат дека најсоодветен момент за стапување во сила на договорот е кога Македонија ќе стане членка на ЕУ за да нема нови условувања. Овој став веројатно е формиран под влијание на ставот дека постои ризик дека Грција ќе има дополнителни барања од Македонија, и по договорот. Овој став го имаат 34,2% од граѓаните.

### Идентитетот е гранитна црвена линија

Идентитетот продолжува да биде гранитна црвена линија, што се огледува и во ставот против каква било промена на името, но и во противењето на додефинирање во ООН на националноста/државјанството и на македонскиот јазик. Дефинирање националност и државјанство како македонски, прифаќаат 47,9% (59,1% етнички Македонци), одредени варијации како латинична или двојна употреба прифаќаат 25,3%, а дефинирање како граѓанин на Република Горна Македонија прифаќаат 14,4% граѓани (34,7% етнички Албанци). Слични се ставовите и за дефинирање на јазикот.

### Јазикот, Уставот и државјанството најважни за идентитет, Уставот и уставното име бедем за негова одбрана

Граѓаните ги сметаат јазикот (27,45%), Уставот (23,5%) и државјанството (23,1%) за најважни за зачувување на идентитетот на македонскиот народ.

Скоро половина од граѓаните (45,1%) веруваат дека со промена на уставното име ќе се промени идентитетот, 17,8% сметаат дека во ниедна ситуација нема да се промени македонскиот идентитет. Големо мнозинство на граѓани (73,8%) мислат дека промена на уставното име ќе влијае, многу или донекаде, на идентитетот.

Оттука е голем отпорот за промена на Уставот, односно 48,3% граѓани и 60,7% етнички Македонци се против каква било промена на Уставот, без разлика дали се тоа одредби за името или за други прашања. Промена на Уставот за дефинирање на меѓународно име е прифатлива за 18,3% од граѓаните.

### Името, идентитетот, (застој во) евроатлантските интеграции, стравот од нови барања од Грција и внатрешните поделби, се главните фактори кои влијаат на спорот за името

„Зачувување на името“ наспроти „евроатлантските интеграции“, кои се од важност за сите, како и со нив асоцираните закани, се главните фактори кои влијаат на спорот за името.

За првпат откако се прават истражувањата, евроатлантските интеграции (49,7%) имаат приоритет наспроти зачувување на името (35%). Кон ова придонесува скоро едногласноста за евроатлантските интеграции меѓу етничките Албанци (90,1%), додека меѓу етничките Македонци зачувувањето на името е водечки приоритет (44,6%).

Во првиот случај на нерешавање на спорот, како главни закани се доживуваат застојот во евроатлантските интеграции, економскиот застој и влошувањето на меѓуетничките односи. Во вториот случај на решение за спорот за името, како главни закани се доживуваат грчките барања за нови отстапки, внатрешните поделби и судири, и дека ЕУ не е подготвена за проширување. Се чини дека доживувањето на овие закани за опстанокот на нацијата, се главен двигател во одбивање договор со Грција. Стравот од нови грчки барања е заснован на искуството: Грција трипати досега (1991/92 година, 1994/95 година и 2008 година), користи трговски и политички блокади за да изврши притисок за промена на Уставот, знамето итн., како и фактот дека Грција ја прекршува времената спогодба и не ја почитува пресудата на Меѓународниот суд.

### Далеку од градење широк договор

Мнозинство од граѓаните (55,1%) сметаат дека не постои широк договор, односно национален консензус. Исто така, не постои јасна перцепција која е позицијата на Владата во спектарот од никаква промена до ерга омнес.

Граѓаните ги перципираат на страната на „зачувување на името“ Ѓорге Иванов, Претседателот на Републиката и ВМРО-ДПМНЕ, а на страната на „евроатлантските интеграции“ Владата и СДСМ, како и ДУИ и Беса.

Повеќе граѓани (41,7%) и етнички Македонци (49,6%) не би гласале на следните избори за партијата што ќе го реши спорот за името, наспроти 36% кои би гласале за.

### Граѓаните сакаат референдум пред договорот, исходот зависи од ЕУ

Очекувањата граѓаните да се изјаснат на референдум е во постојан пораст, и во 2018 година изнесува 71,4%, од 2010 година е 54,4%, на 64% во 2011 година и 66,3% во 2013 година.

Големо мнозинство етнички Македонци (79,3%) се за референдум, додека етничките Албанци се поделени.

Се чини дека членството во ЕУ е фактор кој може да влијае на исходот на референдумот. Додека граѓаните би одбиле промена на името, 50,2% против и 41,5% за, ставовите се менуваат доколку промената на името е кога земјата ќе стане членка на ЕУ, во кој случај 45% се против и 47,6% се за промена. Ова е промена во однос на 2013 година, и гласањето против е намалено за приближно 10-процентни поени (2013 година 62,7% против, 58,4% против при членство во ЕУ).

### Високи желби, помали очекувања за решение

Додека секој втор граѓанин (48%) посакува решение во рок од една година, такви очекувања има секој четврти граѓанин (26,3%). Очекувањата се зголемени во однос на 2013 година, и намален е ставот дека никогаш нема да има решение. Исто така, зголемена е перцепцијата од 13,8% во 2013 година на 33,3% дека двете страни се залагаат за решение. Мнозинството на граѓаните (62,9%) сметаат дека постои интерес на големите сили за решение, а трети страни кои можат да придонесат на решение се САД и ЕУ.

### Прозорец за решение: прифаќање на идентитетот од Грција, решение во две фази и членството во ЕУ

Односот меѓу „зачувување на името“ и „евроатлантските интеграции“, може да биде под влијание на прашањата на идентитет (Устав, јазик, националност), како и стравувањата од барањата на Грција од нови отстапки и внатрешни поделби и судири.

Дефинирањето на јазикот и националноста/државјанство како македонски/Macedonian, како и зачувување на кодовите за земјата (МК) и за јазикот, можат да го намалат чувството за закана по идентитетот. Слично е со поставување на географската одредница како додавка по името, на пример, Република Македонија (Скопје).

Справувањето со двете закани, таа од нови отстапки и таа од внатрешни поделби, се предуслов за јакнење на поддршка за договор.

Одлагање на промена на Уставот во моментот на прием во ЕУ е исклучително важно за стравувањето од нови барања на Грција. Тешко е да се очекува Грција директно да ја признае македонската нација (идентитет, култура и јазик), па можно решение е предлогот од Герald Кнаус од Европската иницијатива за стабилност (ЕСИ). Решението е можниот договор меѓу Грција и Македонија да стапи во сила на денот на прием на Македонија во ЕУ (во НАТО би била примена под времената референца). На тој начин, Грција од сопирач би станала промотор на македонското членство, а Македонија би знаела дека нема да има нови пречки на патот кон ЕУ од страна на Грција, и дека нема да има промена на името доколку Македонија не стане членка на ЕУ поради други причини, како земји кои се спротивставуваат на проширувањето (можен референдум во Франција или вета од земји со влијание на екстремната десница).

Второто стравување од внатрешни поделби може да се надмине со примена на „рамковен модел“, односно можниот договор со Грција писмено да биде одобрен од сите главни политички партии.

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК

**Спорот со Грција за името - ставови на граѓаните**
**Прашалник 2018**

**Q1. Според вас, дали во Македонија постои широк договор – консензус меѓу релевантните политичките партии за спорот за името? Постои:**

1. Целосен консензус
2. Одреден консензус
3. Делумно не постои консензус
4. Воопшто не постои консензус
5. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q2. Погледнете ги внимателно следните изјави кои се слушаат во јавноста за решавање на проблемот со името.**

**Q2**.1. Ве молам изберете изјава, која **најдобро го одразува Вашиот став**.
**Q2**.2. Ве молам изберете **втора изјава**, која **најдобро го одразува Вашиот став**.
**Q2**.3. Ве молам изберете изјава која **најмалку** го одразува **Вашиот став**
**Q2**.4. Ве молам изберете изјава која сметате дека е **најблиска до сегашната позиција на Владата на РМ**

**Изјави на картичка:**

1. Решение за спорот за името е употреба на договорено име само во меѓународните организации (ОН, НАТО, ЕУ и др.), додека државите во билатералните односи би не ословувале по сопствен избор и договор [**договорено име во меѓународни организации**].

2. Решение за спорот е употреба на името Р. Македонија во домашна и меѓународна комуникација, а Грција може да употребува друго име [**двојна формула**].

3. Македонија не треба да прифати никаква промена [**никаква промена**].

4. Решение за спорот е прифаќање на едно ново уставно име за сите употреби [**ново име за сите употреби - „ерга омнес“**].

5. Решение за спорот за името е употреба на договорено име во севкупна меѓународна и билетарална употреба, додека Р. Македонија би било за домашна/внатрешна употреба [**договорено име за севкупна меѓународна употреба**].

6. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q3. За постигнување на решение, прифатлива ми е промена на Уставот:**

1. со промена на уставното име
2. без промена на уставното име, а со утврдување на меѓународно име
3. со промена во одредби кои не се врзани за името
4. Никаква промена на Уставот не е прифатлива (НЕ СЕ ЧИТА)
5. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q4. Која придавка/додавка би била најприфатлива за постигнување на решение: (ОДГОВОРИТЕ РОТИРААТ)**

1. Северна
2. Горна
3. Вардарска / Вардар
4. Нова
5. Скопје
6. Ниту една не е прифатлива (НЕ СЕ ЧИТА)
7. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q5. Даземеме <u>за пример</u> дека е договор да се додаде географската одредница „Горна", каде според Вас, треба да се додаде оваа придавка?**

1. Со придавка **<u>пред Република Македонија</u>** пр. Горна Република Македонија
2. Со придавка **<u>по Република</u>**, а **<u>пред Македонија</u>** пр. Република Горна Македонија
3. Со додавка **<u>по Република Македонија</u>** пр. Република Македонија (Горна)
4. Ниту една не е прифатлива (НЕ СЕ ЧИТА)
5. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q6. Дали за Вас е прифатливо споено име пр. Горнамакедонија:**

1. Да
2. Не
3. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q7. Од следните дефиниции на националноста/државјанството во Обединетите Нации, која за Вас е најприфатлива?**

**Q7а. Која е следната прифатлива опција за Вас?**

1. граѓанин на Република Горна Македонија / Citizen Of Republic of Upper Macedonia
2. граѓанин на Република Горна Македонија (Citizen Of Republic of Upper Macedonia) / македонско (Macedonian)
3. Makedonsko
4. Македонско / Macedonian
5. Ниту една (НЕ СЕ ЧИТА)
9. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q8. Од следните дефиниции на јазикот во Обединетите Нации, која за Вас е најприфатлива?**

**Q8а. Која е следната прифатлива опција за Вас?**

1. Јазикот на Република Горна Македонија
2. Јазикот на Република Горна Македонија/ македонски (Macedonian)
3. Makedonski
4. Македонски (Официјален јазик на Република Горна Македонија)
5. Македонски / Macedonian
6. Ниту една (НЕ СЕ ЧИТА)
7. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q9. Дали поимот Македонија треба:**

1. да го користат двете држави
2. само Македонија
3. само Грција
4. ни едната ни другата држава
5. не знам/без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q10. Дали за Вас е прифатлива промена на МК кодот за земјата, за постигнување решение со Грција?**

1. Да
2. Не
3. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q11. Дали за Вас е прифатлива промена на МК интернет кодот за земјата (за мејл адреси, веб страни - [http://www.fixit.mk](http://www.fixit.mk)), за постигнување решение со Грција?**

1. Да
2. Не
3. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q12. Според Вас, колку е оправдано преименувањето на аеродромот од Александар Велики во Меѓународен Аеродром Скопје и автопатот од Александар Велики во Пријателство, за постигнување решение со Грција?**

1. Целосно оправдано
2. Донекаде оправдано
3. Донекаде неоправдано
4. Воопшто не е оправдано
5. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q13. Дали за Вас е прифатливо отстранување на споменикот Воин на коњ (во Скопје), за решавање на спорот со Грција?**

1. Да
2. Не
3. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q14. Ако се постигне договор со Грција, кога треба да стапи во сила (од кога треба да се применува)?**

1. Веднаш по договорот, независно од НАТО И ЕУ интеграциите, или
2. Одложено, во моментот кога ќе станеме членка на ЕУ за да нема нови условувања
3. Никогаш, не ми е прифатлива промена на името (НЕ СЕ ЧИТА)
4. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q15. Дали е потребно граѓаните да се изјаснат на референдум за евентуалното решение за спорот за името?**

1. Да
2. Не
3. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q16. На референдум на кое е поставено следното прашање – ПРИКАЖИ КАРТИЧКА**
**„ Дали се согласувате со промена на името во Република Горна Македонија“ како ќе гласате?**

1. Да
2. Не
3. Нема да гласам (НЕ СЕ ЧИТА)
4. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q17. Ако треба да се одржи референдум, кога е времето тој да се одржи:**

1. Пред склучување на договор за спорот со името со Грција
2. При прием во НАТО
3. При референдум за членство во ЕУ
4. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q18. На референдум на кое е поставено следното прашање - ПРИКАЖИ КАРТИЧКА**
**„Дали се согласувате со промена на името во Република Горна Македонија, кога земјата ќе стане членка на ЕУ“ како ќе гласате?**

1. Да
2. Не
3. Нема да гласам (НЕ СЕ ЧИТА)
4. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q19. На референдум на кое е поставено следното прашање – ПРИКАЖИ КАРТИЧКА**
**„ Дали се согласувате со промена на референцата ПЈРМ во Република Горна Македонија“ како ќе гласате?**

1. Да
2. Не
3. Нема да гласам (НЕ СЕ ЧИТА)
4. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q20. Која од овие две изјави е најблиску до вашиот сопствен став/уверување?**

1- Секако дека и Македонија (името) и Евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ) се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би го сметал за **поважно зачувувањето на името** и по цена тоа доведе до застој на евроатлантските интеграциите и можеби негативно да влијае на економскиот развој

2 – Секако дека и Македонија и Евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ) се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би ги сметал за **поважни евроатлантските интеграции (НАТО, ЕУ)**, за да се обезбеди перспективата на државата, дури и ако треба да се прифати компромис со Грција, кој не го загрозува македонскиот идентитет, култура и јазикот

3 – Не се сложувам со ниту една од наведените изјави (спонтано)

4 – Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q21. За колку време Вие лично сакате да се реши спорот со името?**

1. за 1 година
2. 2-5 години
3. неодредено, за колку време ќе биде потребно разумен договор
4. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q22. За колку време Вие мислите дека ќе се реши спорот со името?**

1. за 1 година
2. 2-5 години
3. 6-10 години
4. повеќе од 10 години
5. никогаш (НЕ СЕ ЧИТА)
6. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q23. Дали верувате во посветеноста на Македонија и Грција да најдат решение?**

1. Верувам дека и двете држави посветено се залагаат за изнаоѓање решение
2. Верувам дека само македонската страна посветено се залага за решение
3. Верувам дека само грчката страна посветено се залага за решение
4. Верувам дека и двете држави подеднакво не се залагаат за изнаоѓање решение
5. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q24. Дали постои интерес за решавање на спорот за името со Грција кај големите сили?**

1. Да
2. Не
3. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q25. Според вас, која трета страна може најмногу да придонесе за решавање на спорот?**

1. ООН
2. САД
3. ЕУ
4. Русија
5. Германија
6. Франција
7. В. Британија
8. Никој (НЕ СЕ ЧИТА)
9. Не знам / Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q26. Според Вас, што од следното е многу веројатно да се случи доколку спорот со Грција не се реши? До 2 избори**

1. Застој во Евроатлантски интеграции (ЕУ, НАТО)
2. Влошување на меѓуетнички односи
3. Економски застој
4. Влошување на безбедносната ситуација
5. Друго ______
6. Ништо нема да се случи (НЕ СЕ ЧИТА)
7. Не знам/ Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q27. Според Вас, што од следното е многу веројатно да се случи по решавањето на спорот со името со договор со Грција? До 2 избори**

1. Без разлика на договорот, ЕУ не е спремна за проширување
2. Договорот ќе предизвика судири внатре во Македонија (помеѓу оние кои го поддржуваат и оние кои не го поддржуваат договорот)
3. Грција ќе има дополнителни барања од Македонија
4. Друго ________
5. Ништо нема да се случи (НЕ СЕ ЧИТА)
6. Не знам/ Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q28. Доколку големите партии го поддржат евентуалниот договор и се спроведе референдум, дали би учествувале во**

1. Би се приклучил на кампањи и собири за поддршка на овој договор и гласање ЗА договорот
2. Би се приклучил на кампањи и собири против овој договор и гласање ПРОТИВ договорот
3. Ниту едно од понудените (НЕ СЕ ЧИТА)
4. Не знам - зависно од крајното решение (НЕ СЕ ЧИТА)
5. Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q29. Според Вас, во која ситуација, македонскиот идентите ќе се промени?**

1. Доколку се смени уставно име
2. Доколку се смени името за меѓународна употреба
3. Доколку се смени референцата ПЈРМ
4. Во сите ситуации (НЕ СЕ ЧИТА)
5. Во ниедна ситуација нема да се промени македонскиот идентитет (НЕ СЕ ЧИТА)
6. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q30. Доколку се промени уставното име на Република Македонија, колку ќе влијае на идентитетот македонци, македонски и македонски јазик?**

1. Многу ќе влијае
2. Донекаде ќе влијае
3. Донекаде нема да влијае
4. Воопшто нема да влијае
5. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q31. Според Вас, што е најважно за зачувување на идентитетот на македонскиот народ? Што друго? До 2 избори**

1. Знамето
2. Јазикот
3. Државјанство
4. Устав
5. Историјата
6. Митови приказни и традиција
7. Храната
8. Фолклор
9. Друго______
10. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

**Q32. Гледајќи ја следнава скала, каде на едниот крај е позицијата дека <u>Името никако не смее да се промени, дури и по цена на Евроатлантските интеграции</u>, а на другиот крај е позицијата дека <u>Евроатлантската интеграција е најважна, дури и ако е потребно промена на името</u>, каде би ги поставиле**

1. Претседателот Иванов _______
2. Политичката партија на власт – СДСМ ______
3. Политичката партија во опозиција – ВМРО ДПМНЕ _____
4. Политичката партија ДУИ _____
5. Политичката партија БЕСА _____
6. Владата________

**Q33. Според Вас, на скала од 1 до 5, каде 1 е најниска, а 5 највисока оценка, колку успешно се справуваат за решавање на спорот за името, следните политичари?**

1. Премиерот Заев _____
2. Министерот за Надворешни Работи – Димитров _____
3. Владата на РМ _____

**Q34. Доколку се реши спорот со името, на следните избори ќе гласам за партијата која го решила спорот?**

1. Да
2. Не
3. Не знам/Без одговор (НЕ СЕ ЧИТА)

## Демографија

1. **Пол**
   1. Машко
   2. Женско

2. **Возраст ______**

3. **Етничка припадност**:
   1. Македонец/ка
   2. Албанец/ка
   3. Ром/ка
   4. Турчин/ка
   5. Србин/ка
   6. Влав/Влаинка
   7. Босанец/ка
   8. Друго

4. **Последно завршено образование**:
   1. Незавршено основно образование
   2. Завршено основно образование
   3. Завршено средно образование
   4. Завршено вишо образование
   5. Завршено високо образование
   6. Завршено постдипломско образование

5. **Работен статус**:
   1. Вработен во јавна институција
   2. Вработен во приватна институција
   3. Вработен во невладина институција
   4. Самовработен
   5. Земјоделец
   6. Невработен
   7. Ангажиран во домашни обврски
   8. Студент/ученик
   9. Пензионер

6. **Колкави (во денари) се просечните нето приходи во Вашето домаќинство (вклучувајќи и стипендија, пензија, додаток за дете итн.) ______________________**

7. **Населено место**
   1. Село
   2. Град

8. **Регион ______**

# ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ - НАСЕЛЕНИЕ

Примерокот за теренската анкета опфати 1.004 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативноста беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 48,0 |
| Жена | 52,0 |
| Возраст | |
| Од 18 до 29 години | 22,6 |
| Од 30 до 39 години | 18,5 |
| Од 40 до 49 години | 18,3 |
| Од 50 до 64 години | 24,1 |
| Над 65 години | 16,4 |
| Етничка припадност | |
| Македонска | 69,7 |
| Албанска | 21,2 |
| Турска | 3,1 |
| Ромска | 0,6 |
| Српска | 1,7 |
| Влашка | 0,7 |
| Бошњачка | 0,6 |
| Друго | 2,4 |
| Образование | |
| Основно или помалку | 18,2 |
| Средно | 53,2 |
| Вишо/ високо | 28,6 |
| Место на живеење | |
| Рурално | 38,9 |
| Урбано | 61,1 |

| Работен статус | % |
|---|---|
| Вработен во јавна институција | 16,5 |
| Вработен во приватна институција | 23,5 |
| Невработен | 17,0 |
| Самовработен | 5,7 |
| Студент / ученик | 7,9 |
| Пензионер | 16,7 |
| Друго | 12,6 |
| **Регион** | |
| Скопски | 32,0 |
| Југоисточен | 8,0 |
| Источен | 9,3 |
| Североисточен | 8,0 |
| Вардарски | 8,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 12,9 |
| Пелагониски | 12,0 |

**ПРОФИЛИ НА ИЗДАВАЧИТЕ**

**МЦМС** веќе 25 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС дејствува во секторите: социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 година, МЦМС спроведе повеќе од 65 програми, со реализирани преку 1.500 проекти со вкупен буџет од 50 милиони евра.

**ИДСЦС** е граѓанска организација, основана во 1999 година од група на интелектуалци собрани околу идејата за демократија, солидарност и цивилно општество. Долгорочните цели на Институтот се да работи на балансиран социоекономски развој, активна граѓанска вклученост и партиципативна политичка култура, како и остварување на либералните вредности во македонското општество. Својата работа, ИДСЦС првенствено ја заснова на социометриски истражувања и проектни активности. Веруваме дека човековиот капитал е главен предуслов за позитивна општествена промена и затоа посветено работиме на проекти за подобрување на капацитетите, преку трансфер на знаење и вештини.

## БЕЛЕШКА ЗА ИСТРАЖУВАЧИТЕ/АВТОРИТЕ

**Сашо Клековски** е роден во 1966 година, во Скопје. Завршил Медицински факултет во Скопје. Неговото искуство е дваесетгодишна работа на раководни позиции во граѓанскиот сектор. Во 1993 година е еден од основачите, а од 1994 до 2011 година е извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Водел повеќе истражувачки тимови. Автор е на над 20 истражувачки извештаи, анализи и други публикации, како и на блогот „Меѓутоа“. Тој е и колумнист за дневниот весник Нова Македонија.

**Јасмина Михаиловска** е родена во 1986 година, во Скопје. Завршила на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Своето образование го има продолжено во 3 психотерапевтски школи. Нејзиното искуство е седумгодишна работа во истражување на јавното мислење, истражувања на пазарот и маркетинг.

**Милош Јованов** е роден 1987 година, во Скопје. Дипломирал новинарство на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во 2011 година. Во М-Проспект е од 2012 година, како истражувач. Има координирано повеќе од 50 истражувачки проекти. Неговата работа опфаќа координација на политички, општествени и истражувања на пазарот.

## ПРОДОЛЖИ СО ЧИТАЊЕ

**Листа на публикации на МЦМС**
http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html
**Листа на публикации на ИДСЦС**
http://idscs.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=205&Itemid=93&lang=mk
**Листа на поврзани публикации**
http://www.mcms.mk/images/docs/2011/sporot-za-imeto-makedonija-2011.pdf
http://www.mcms.mk/mk/vesti-i-javnost/vesti/1002-stavovi-na-graganite-za-resenie-na-bilateralniot-spor-na-makedonija-so-grcija.html
**Како да се референцира**
Клековски, С at all. (2014) **Спорот за името - 2013** [интернет]. Скопје, МЦМС и ИДСЦС.
Адреса: http://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/1514-sporot-za-imeto-2013.html [Посетена на: датум и година].

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

32.019.6:[327.5:342.228(497.7:495)(047)

КЛЕКОВСКИ, Сашо
Спорот за името - 2018 [Електронски извор] : ставови на јавноста во Македонија / [автори Сашо Клековски, Јасмина Михаиловска, Милош Јованов ]. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2018

Начин на пристап (URL): https://www.mcms.mk. - Текст во PDF формат, содржи 50 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 09.05.2018

ISBN 978-608-4848-07-3
1. Гл. ств. насл. 2. Михаиловска, Јасмина [автор] 3. Јованов, Милош [автор]
а) Јавно мислење - Меѓународни спорови - Име на држава - Македонија - Грција - Извештаи
COBISS.MK-ID 107203338